Национални консултации со граѓанските организации за Иницијативата за Регионална комисија за утврдување и јавно изнесување на фактите за воените злосторства и другите тешки прекршувања на човековите права во поранешна Југославија (РЕКОМ).

20 ноември 2010,

Stone Bridge Hotel,

Скопје

**ДНЕВЕН РЕД**

10:00 –10:20 **Отворање на собирот**
Боро Китаноски, национален координатор на Иницијативата за РЕКОМ за Македонија

**Претставување на учесниците**

10:20 – 10:40 **Проекција на краток филм за КОРЕКОМ**

10:40 – 11:00 **Тек на консултативниот процес за Иницијативата за РЕКОМ**
Рона Ници, национален координатор на Иницијативата за РЕКОМ за Косово

11:00 - 11:30 **Зошто РЕКОМ**
Зумрете Јакупи, пратеничка во Собранието на РМ
Лулзим Хазири, АДИ, Гостивар
Гордана Дувњак, членка на Координациското Собрание на Иницијативата за РЕКОМ

11:30 – 12:00 **Дискусија**

12:00 – 12:30 **Пауза**

12:30 - 13:00 **Цели и задачи на РЕКОМ / Нацрт статут на РЕКОМ**
Горан Талески, Мировна Акција, Прилеп
Гордана Дувњак, членка на Координациското Собрание на Иницијативата за РЕКОМ

13:00 - 14:00 **Дискусија за целта и задачите на РЕКОМ**

14:00 – 15:00 **Ручек**

**ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ**

1. Goran Dimoski, *Бедем*
2. Kevin Borchers, Forum ZFD
3. Lirim Shabani, UVL - UCK
4. Lulzim Haziri, ADI, Гостивар
5. Mile Aleksoski, Центар за истражување и креирање на политики
6. Pranvera Kasami, Multikultura
7. Raim Limani, Veteranet e UCK
8. Silke Maier – Witt, Forum ZFD
9. Straso Gligorov, *Достоинство*
10. Vullnet Zenki, Multikultura
11. Ана Торевска, АБ Телевизија
12. Анастас Вангели, ЦИКП
13. Ацо Јованоски, Здружение *Карпалак*, Прилеп
14. Ацо Стојановски, Унија на бранители на РМ
15. Благоја Димитроски, ЗРВО 2001-2002 Прилеп
16. Драги Змијанац, МЕЃАШИ
17. Здравко Савески, Движење за социјална правда - Ленка
18. Игор Петрески, Здружение *Карпалак*, Прилеп
19. Илија Николовски, Здружение на ветерани од одбраната и безбедноста на РМ
20. Јана Петрушевска, Здружение *Зора*
21. Јасмина Најдовска, ФИООМ
22. Кире Јовчески, ЗРВО 2001-2002 Прилеп
23. Маргарита Цаца Николовска, поранешен судија на Европскиот суд за човекови права
24. Мирослав Нерков, ЗАВ
25. Надица Мирчовска, Херои на Македонија
26. Наташа Стаменковиќ, МОЖАМ
27. Никола Грков, Здружение на армиски ветерани - Кавадарци
28. Предраг Петрушевски, Здружение на бранители 2001 – Куманово
29. Чедо Димарјевиќ, раселено лице
30. Шенази Салихи, Levizja Qytetare Ec …- Tetove
31. Шичери Џафери,Доверба, Куманово

Транскрипт на аудио записот

**Боро Китаноски:** Добро утро на сите!

Јас се викам Боро Китаноски, денес сум во својство национален координатор на Иницијативата на РЕКОМ за Македонија, најпрвин морам длабоко да ви се извинам за ова каснење, не го планиравме доаѓањето на ТВ екипите толку касно, се извинуваме за овој пола час. Ви благодарам што бевте трпеливи.

Тука сме денес за вторите консултации на Иницијативата на, за РЕКОМ за, во Македонија кои се одржуваат, претходните консултации се одржаа пред два месеци исто во Скопје. Тие беа регионални консултации, ова се првите национални консултации, овој пат се одлучивме за консултции со здруженијата на граѓани. Работејќи деновиве на подготовката на овој собир дневно чувствувавме колкав притисок постои и колкава желба постои за учество на претставници на здруженијата на поранешните борци. Многу од нив се во оваа сала тука, ви благодарам на сите што се појавивте, што е многу добар индикатор всушност колку голема е потребата да се зборува за 2001та.

Многу често се сретнуваме со ситуации кога се вика за минатото дека тоа не треба да се чепка или тоа треба, но во контролирани услови затоа што е конфликтна темата, па може да предзвика проблеми. Меѓутоа, мислиме дека со овој модел можеме да докажеме дека ние можеме конструктивно да се бавиме со минатото, на начин да седниме и да се разговараме и покрај тоа што имаме различни мислења за работите. Сакам исто така на почетокот да ви кажам дека во Декември ќе организираме регионални консултации со здруженија на поранешните борци, од цела бивша Југославија. Меѓутоа, исто така здруженијата на поранешните борци се дел од граѓанскиот сектор, така да сосем релевантни се и овие консултации, во тој смисол. Како мировњак сакам да ви кажам дека во нас имате силен сојузник во нас во залагањето да се зборува за минатото, дека тоа не треба да се поттуркува под тепих, ами треба да се обидуваме конструктивно да го разгледуваме.

Иницијативата за РЕКОМ е иницијатива која што постои од 2008 година, се залагаме за формирање на регионална, меѓудржавна комисија како вонсудско тело кое што ќе се бави со утврдување на фактите за воените злосторства и кршењета на човековите права во војните од бивша Југославија од 1991та година до крајот на 2001та година. До сега се одржани многу консултации на територијата на бивша Југославија. Македонија и Словенија последни се приклучија кон средината на оваа година и се одржуваат консултации со различни групи на граѓани, граѓански здруженија, со ветерански здруженија, со политичките партии, со верските лидери, итн. Моделот кој што го претставуваме, нацрт Статутот за кој што ќе се зборува покасно, е слободен на коментирање и јас би барал од вас да го коментирате текстот, тоа ни е битен дел од Агендата и битно ни е да слушниме ваши мислења за идејата којашто ја заговараме и генерално меѓутоа и конкретно задржете се слободно по членовите.

Да не должиме многу пошто секако касниме, само кратко низ Агендата ќе пројдеме и после тоа би сакал да се претставиме сите. После претставувањето на учесниците имаме проекција на

краток филм за РЕКОМ којшто трае 12 минути. За текот на консултативниот процес ќе ни зборува колешката Рона Нислиу од Косово, потоа зошто ни е РЕКОМ потребен, зошто е РЕКОМ релевантен за нас, ќе зборуваат госпоѓа Зумрете Јакупи пратеничка во Собранието на Република Македонија, господинот Лулзим Хазири од АДИ од Гостивар, а сесијата ќе биде модерирана од госпоѓа Гордана Дувњак, членка на Координациското Собрание на Иницијативата за РЕКОМ. Потоа ќе имаме дискусија, генерална, во однос на потребите за оваа Иницијатива и после паузата за кафе ќе ќе дебатираме конкретно на целите и задачите на РЕКОМ, всушност за нацрт Статутот на РЕКОМ којшто верувам повеќето од вас го зедоа, достапен е на влезот. Горан Талески од Мировна Акција од Прилеп и Гордана Дувњак членка на Координациското Собрание на Иницијативата за РЕКОМ ќе претстават делови од нацртот и ќе ја поведат дискусијата.

Толку од мене сега би сакал да се претставиме сите, тука е микрофонот.

Страшо Глогоров, Генерален секретар на Здружението „Достоинство“;

Доктор Мирослав Нерков,Здружение на Армиски Ветерани, Кавадарци;

Никола Грков, претрседател на Здружение на Армиски Ветерани, Кавадарци;

Илија Николовски, претседател на Здружението на ветерани од одбраната и безбедноста на Република Македонија;

Миле Алексоски од Центарот за истражување и креирање на политики;

Кире Јовчески, член на Здружението на редовни воени обврзници 2001-2002, Прилеп член на претседателството на здружението;

Благоја Димитроски, ЗРВО 2001-2002, Прилеп;

Ацо Јованоски, Здружение „Карпалак“, Прилеп;

Предраг Петрушевски Бинго, претседател на Здружение на бранители 2001ва од Куманово;

Горан Димоски, претседател на Здружението на припадници на безбедносни сили „Бедем“, од Македонија;

Драги Змијанац, Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“,

Маргарита Цаца Николовска, поранешен судија на Европскиот суд за човекови права од Македонија и сега претседател на советодавниот одбор на Институтот за човекови права;

Анастас Вангели, Центар за истражување и креирање политики;

Здравко Савески, Движење за социјална правда „Ленка“;

Раим Лимани, Здружение на воени ветерани од ОНА;

Јана Петрушевска, претседател на Здружението на раселени од Арачиново „Зора“;

Ацо Стојановски, претседател на Унија бранители на Македонија и матично здружение бранители на Македонија од 2001ва;

Надица Мирчевска од „Херои“ на Македонија;

Игор Петрески, Здружение „Карпалак“, Прилеп;

Кевин Борхерс, Форум Цивилна мировна служба – (Форум ЗФД);

Силке Маер-Вит, Форум Цивилна мировна служба –(Форум ЗФД);

Шиќери Џафери, Здружение „Доверба“ од Куманово;

Реаселено лице од Липковскиот крај;

Пранвера Касами, од НВО „Мултикултура“;

Вулнет Зенки, „Мултикултура“, Тетово;

Шенази Салихи, Граѓанско движење,Тетово;

Лирим Шабани, Организација на ветерани на ОНА;

Јасмина Најдовска,Отворено општество Македонија;

Наташа Стаменковиќ, Мрежа на женски организации „Можам“;

Томас Колс, Мировна Акција од Прилеп;

**Боро Китаноски:** Во ред, благодарам. Ајде сега да го погледнеме филмот па продолжуваме со Агендата.

(Проекција на филм)

**Боро Китаноски:** Продолжуваме, ќе ја замолам колешката Рона Нислиу да ни каже малку повеќе за текот на консултативниот процес. Повели Рона!

**Рона Нислиу:** Добар ден! Ви благодарам што сте денес тука.

Некои од вас веќе ги познавам од консултациите, првите регионални консултации кои што ги организиравме во месец јули. Мило ми е што вашиот интерес продолжува да биде силен и тоа го докажува Вашето присуство, ви благодарам што сте тука.

Моето име е Рона Нислиу, доаѓам од, сум координатор на националниот процес во Косово, ќе зборувам накратко за процесот, за консултативниот процес на Иницијативата РЕКОМ. Овој процес се карактеризира со две фази.Процес којшто во првата фаза имаше, карактеристично беше или фокус беше дискусиите за тоа кои механизми ќе треба да се употребат за да се видат фактите од воените злосторства. Ова почна уште во првиот Форум за правна транзиција и до една регионална

консултација којашто беше клучна, беше една точка за пресвртување за да се состави документ од страна на Фондот за меѓународна помош. Тоа е Документ од Хрватска и друг центар од Босна и Херцеговина, којшто во овие консултации, со заедниците на жртвите со семејствата и ветераните дојдоа до предлог за да се создаде регионална Комисија за факти и другите прекршоци против правата на луѓето во поранешна Југославија. Врз основа на овие препораки доаѓа и третиот Форум којшто третиот регионален  правен собир во Белград, со кој што се помина во друга фаза и се мислеше за да се состави еден заеднички регионален орган со заеднички сили и цели.

За првпат имаме јавно сослушување на жртвите, тоа беше една активност многу храбра, активност којашто многу ветуваше во идната работа на регионалната Комисија. Потоа доаѓа четвртиот Форум во Приштина во октомври месец, каде што и доаѓаме до предлог за да се создаде коалиција за регионалната Комисија, значи коалицијата РЕКОМ во тој период имаше, имавме само 174 членови, но потоа се зголеми овој број и сега имаме над 900 членови. Се одржаа два состанока на Собранието каде што се утврди Статутот, правилникот за работата и се избраа членовите на координативниот одбор на РЕКОМ. Од почетокот, од мај месец 2006 се одржаа многу консултации, нивниот број е над 110 консултации, значи средби како што е оваа денес, на локално ниво, национално ниво и регионално ниво. Се одржаа 7 Форуми, последниот беше во октомври месец во Загреб, а во текот на овој период има, имавме над 1100 учесници на овие Форуми. Целите на овие консултации или средби за почеток беше да се информираат групите учеснички за Иницијативата, за целите, за активностите, за начинот како ќе функционира оваа Комисија во нејзиното создавање, а од мај месец на 2010 година консултациите или начинот како се одвиваат овие средби малце се променети бидејќи имаме драфт Статут, нацрт Статут на оваа Комисија, регионална Комисија која што е значи, има, првата верзија беше составена во мај месец и оттогаш се започнува со дебати за Статутот на РЕКОМ во соработка со жртвите на Босна и Херцеговина и семејствата нивни. Секако имавме 14 консултации каде што имавме детални дебати, дискусии со јасни предлози на сите учесници, за избор на учесниците, за членовите на Комисијата и како да функционира таа Комисија и имавме и неколку консултации воопшто не се дискутираше за нацрт статутот на РЕКОМ, а причината е дека тие групи да бидат информирани, запознаети за Иницијативата и во други фази да се продолжи со презентацијата на нацрт Статутот, а во групата на овие консултации, значи се отстрануваат значи не се дискутирало за нацрт Статутот, тука се консултации со интелектуалци, со граѓанскиот сектор, со новинари, со верски заедници во Србија, во Косово. Исто така и со граѓанскиот сектор во Словенија имавме многу консултации во текот на оваа година, консултации коишто продолжуваат и се многу значајни бидејќи од таму е изворот на Иницијативата и идејата да се започне со овој активност и за создавање на оваа Комисија и ќе продолжиме со дискусиите, дебатите со жртвите и со членовите на семејствата на жртвите. Имаме национални консултации во Србија и Босна и Херцеговина, се дискутирало и за нацрт Статутот на РЕКОМ и сите секогаш имаат една цел и за жртвите и за нивните семејства најзначајно е да се обелоденат фактите, вистинските факти за минатото, и во оваа точка монгу е значајна и поддршката, значи политичката поддршка за РЕКОМ Иницијативата и оваа Иницијатива ќе биде главен чинител за Комисијата. Во Србија имавме први преговори каде што учествуваа ветераните и бегалците и раселените лица со околу 50 претставници од овие консултации РЕКОМ е поддржана и кажано е дека, оваа Иницијатива е многу значајна за идните

генерации, но секако е напоменато дека оваа Иницијатива може да се употреби и да се дебатираат и за други проблеми коишто се со загубените домови. Во Косово, имавме консултации со поранешните политички заробеници, имавме одлична поддршка, тие ја поддржаа Иницијативата РЕКОМ и нагласија дека во целото ова време треба да се реализира ова Иницијатива, докрај да се реализира, а пак треба да се утврди и политичкиот контекст којшто бил пред да се случат овие злосторства не само во Косово туку во целата поранешна Југославија и секако во групата поранешните заробеници на Косово е предложено Србија да побара официјално прошка да побара за Косово. Учесниците секако дека ја поддржаа Иницијативата, овие консултации се одржаа и во Хрватска и во Словенија, со сета поддршка нивна, граѓанскиот сектор се гледаат самите себе во пожелна позиција за да продолжат и да придонесуваат со подобри и поголеми активности, но секако се гледа дека е многу значајна и поддршката, политичката поддршка и на владите на овие земји коишто треба да бидат во оваа Иницијатива како поддржувачи. Доколку ве интересира малку повеќе, на пример во Словенија РЕКОМ ја доби поддршката од граѓанскиот сектор и е дискутирано во мандатот на РЕКОМ да се вметне и прашањето на избришаните. Знаете дека, тие што бевте учесници во регионалните консултации во Скопје, имавме вонсериски интерес од вас, ние бевме многу ентузијасти поради тоа и Макеонија е официјално вклучена во овој процес. Одржани се многу значајни консултации со судии, со јавни обвинители, со правниот сектор каде што е разговарано на детален начин за нацрт Статутот на РЕКОМ. Една значајна тема од дебатата беше и односот на РЕКОМ со правосудството, кажано е дека и предложено од правнот сектор, од судскиот систем дека одлуките треба да бидат донесени на највисоко ниво, а пак РЕКОМ ќе биде една поддршка, една движечка сила којашто ќе ги поддржи судскит процес и ќе ги поддржи судовите во гонењето на овие злосторства. Секако дека сведоците се многу битна точка во идната работа на Комисијата и секако Комисијата ќе има голема улога во создавање на една основа којашто ќе служи за идните процеси, судски процеси на овие воени злосторства. Организирани се регионални консултации со интелектуалци во Босна, во Хрватска, во Србија и на Косово. Интелектуалците ја поддржаа оваа Иницијатива, исто така изјавија дека приоритет ќе биде да се најде вистината за минатото. Регионалните консултации со интелектуалци се одржаа и во Босна и Херцеговина, имаше претставници од сите земји имавме и пренос на една телевизиска станица „Алтернатива“ се вика. Ние имавме и во Косово консултации со интелектуалци. Интелектуалците повикаа овие консултации да продолжат на Косово и да има и други иницијативи за да се соберат овие луѓе коишто на овој или на оној начин ќе можат да го поддржат, да ја поддржат работата на оваа Комисија. Доста значајно и храбро и секако е напорно и тешко беше покривањето на верските заедници во овој консултативен процес. Коалицијата РЕКОМ направи еден чекор напред за покривањето или опфаќањето на верските заедници, со верските заедници кадешто имавме голем, многу претставници од верските заедници, како што е од исламската заедница, од еврејската, од православната, католиците, од протестантите. Сите ја поддржаа Иницијативата РЕКОМ и рекоа дека прашањата со кои што се бави РЕКОМ на крај се и верски. Во процесот на изнаоѓањето на фактите голема улога и голема потенцијал ќе има и православната, српската православна црква и католичката црква. За првпат се организирани консултации со политичарите, тие се одржаа во Собранието на Црна Гора. Беа учесници готово сите парламентарни партии и вклучувајќи ја и партијата на власт, имавме целосна поддршка од, на нашата Иницијатива. Политичка поддршка имавме и од ралични комитети, имавме

претставници од Сребреница, Суботица, Тетово, Митровица, Зрењанини. Сите места коишто имаат слична историја и секако дека поддршката беше извонредна и на оваа средба. Исто така имавме средба и со уметници и со малди лица и со новинари. Уметниците предложуваат дека треба да се негува оваа култура на минатото, а пак младите велат дека РЕКОМ е значајна за да имаме една заедничка вистина и да се избегнат многуте вистини кои што можат да имаат индивидуално влијание, да имаме една заедничка вистина којашто ќе ни служи во иднина на сите. Од друга страна, новинарите бараат да се казнат сите тие коишто ги направиле тие злосторства. РЕКОМ има и голема работа направено за подигнување на капацитетите. Ние во јуни месец имавме средба со членовите на Комисијата за Вистина од Јужна Африка, Сиера Леоне како и од Перу, а целта уште еднаш беше да се информираме како функционирале тие комисии, кои биле механизмите коишто тие ги користеле и како е постигнат нивниот успех. Една тесна соработка имавме и со Меѓународниот центар за транзиционална правда, имавме многу обуки со претставникот Едуардо Гонзалес кој што е директор на програмата за вистината во Меѓународниот центар за транзициона правда заедно со Хавиер Калузи имаше обука, одржаа обука и во Косово за учесниците и активностите на невладините организации исто така многу занчајна обука беше тоа. И за крај, само ќе нагласам дека политичката поддршка во оваа фаза, во оваа Иницијатива или во Коалицијата е многу значајна. Доколку не сте имале можност да ги видите нашите материјали коишто ги објавивме до сега дека имавме поддршка, многу значајна поддршка од претседателот на Република Хрватска, господин Иво Јосиповиќ и од претседателот на Србија Борис Тадиќ. Како што нагласив и претходно, во консултации со парламентот на Црна Гора добивме целосна поддршка од пратениците во Црна Гора исто така иницијативата РЕКОМ им е ставена на почетокот на септември месец и на под комитетот на европскиот совет кадешто добивме поддршка и тие изјавија дека оваа Иницијатива ќе биде главна и политичка иницијатива и треба да се поддржи, на крајот на септември РЕКОМ е претставена и во Евроскиот Парламент. Парламентарците ја поддржаа оваа Иницијатива, тие побараа исто така оваа Иницијатива да биде политички, финансиски, логистички поддржана за да се, за да опстане и да ги спроведе сите активности.

Јас нема да ви одземам многу од вашето време, за крај ќе дадам неколку изјави за деталите и се надеваме дека ќе имаме време и добра дебата за нацрт Статутот, бидејќи е многу значаен за нас. Ви благодарам.

**Гордана Дувњак:** Благодарам Рона.

Значи преминуваме на следната сесија, а тоа е Зошто РЕКОМ.

Колку ова прашање да изгледа реторичко и навидум едноставно во суштината го крие единствениот одговор, а тоа е затоа што на Македонија и е потребен РЕКОМ.

И покрај тоа што Македонија беше последна земја од бившите југословенски простори која ја зафати воениот конфликт и она што овде се случуваше за време на седуммесечната криза е неспоредливо со она што, со ужасите на Босна и Херцеговина или на Хрватска аа, сепак факт е дека 2001та донесе големи тектонски промени во државата. Вие знаете дека официјалните бројки со коишто се оперира се 70тина мртви од двете страни, не знам, многу раселени луѓе, повредени

разурнати куќишта, куќи кои се уште дел од нив не се санирани, но она што е најбитно е тоа што се разруши довербата на овие простори и којашто традиционално постоеше и Македонија беше една од ретките држави каде што немаше практика поранешна на стари конфликти. Токму заради тоа  е битно за Македонија да биде дел од овој процес и покрај тоа што последна влегува. Вие добро знаете, подобро и од мене дека во 2001та година резултираше со потпишувањето на Охридскиот договор, на 13 август 2001та година, но за жал догодина одбележуваме 10 години од овие настани, цело ова време како да се срамиме како држава од она што ни се случуваше, а тоа е токму заради тоа што имаме многу отворени прашања. Дел од потписниците на Договорот првите неколку години или бегаа од својот потпис или пак го негираа, а дури последниве три четири години имаме официјално одбележување на Рамковниот Договор и тоа од страна на, најпрво од партијата којашто не беше директен учесник на потпишувањето, на чинот на потпишувањето, а потоа таа обврска ја презема Секретаријатот за Рамковен Договор. Најчесто странците го поставуват прашањето зошто Македонија не успее „добро да ја продаде" својата приказна за успешно справување со конфликтот. Затоа што и покрај тоа што, кога има и еден несреќен човек и кога ќе се посегне по оружјето, тоа зборува дека нешто не е добро во државата.Факт е дека сите овие 9 години догодина и 10 години албанската и македонската страна останаа со своите приказни, со своите верзии за конфликтот, со своите херои и сеуште не се отвори една поширока дебата околу тоа што е она што ни се случуваше, кои беа причините коишто доведоа до тоа.

Дека има потреба се виде во јануари оваа година, кога Институтот Отворено општество организираше дводневна конференција на тема „Демитологизација на 2001та". Верувам дека добар дел од учесниците на денешната дебата, присуствуваа на таа дебатна расправа, кога се покажа дека може да се разговара и покрај различните мислења и дека има многу отворени прашања за коишто треба да се разговара. Јас верувам дека е многу тешко од оваа дистанца по 9 години до година 10, повторно да се навратиме на некои болни прашања, бидејќи актуелната политика има нова агенда и некому ќе му се види нецелисходно во оваа фаза, во ова време кога државата се соочува со сериозни предизвици, околу проблемите со името, со сиромаштијата, нерешениот статус во некои области, повторно да се враќаме на нешто што се случило пред десет години. Меѓутоа токму тоа што работите се обидуваме да ги држиме под тепих, после извесно време ни се враќа како бумеранг, и затоа е многу битно Македонија да биде дел од овој процес, од РЕКОМ, затоа што националните држави обременети со своите проблеми, со својата верзија на конфликтот некогаш го заборавaат она што е најбитно, а тоа е, имаат ли право да им оставaт на идните генерации нерешени прашања и неодговорени прашања. Ми се чини дека во тој дел може многу да помогне Иницијативата за РЕКОМ и дека Македонија треба активно да се вклучи, на почеток преку граѓанскиот сектор, меѓутоа и со активно учество на политиката да биде дел од тој процес.

Јас сум многу задоволна и среќна што меѓу нас денеска е пратеничката од ДУИ Зумрета Јакупи, којашто е голем активист во граѓанскиот сектор, меѓутоа и актуелен пратеник од владината коалиција, бидејќи госпоѓата Јакупи и самата имаше можност да присуствува на Форумот што се одржа во Загреб на 16 и 17 октомври оваа година и да ја искаже подготвеноста да бидиме дел од овој процес. Јас ќе ја замолам сега госпоѓата Јакупи да се осврне повеќе како повод на она што се

случуваше во Загреб, меѓутоа повеќе да се фокусира на моментот зошто е битно Македонија да биде дел од РЕКОМ, и да ни ги пренесе нејзините сознанија коишто, дел се, значи сознанија добиени во рамките на владината коалиција околу тоа, постои ли атмосфера во Македонија кај политичките елити да го прифатат мандатот и легитимитетот на РЕКОМ којшто може да успее само ако е доволно сеопфатен и силен. Повелете госпоѓо Јакупи.

**Зумрета Јакупи:** Ви благодарам!

Ги поздравувам сите присутни и ќе имам задоволство да изразам, да го изразам мојот ентузијазам посебно по повод тоа што првпат присуствував на овој Форум на РЕКОМ кој беше одржан во Загреб минатиот месец, и врз основа на дискусиите и прикажувањето на ставовите ја увидов важноста на оваа коалиција којашто забележав дека е коалиција на сите организации од сите држави од територијата на поранешна Југославија. Имајќи предвид дека растурањето на Југославија, во сите републики или држави оформени потоа, остави голем впечаток во населението. За некого тие цифри претставуваат само бројки, но всушност за семејствата на жртвите тоа се имиња, презимиња, човечки битија, важни за нивните најблиски. Поради тоа, имајќи ја предвид целта дека овој Форум беше само продолжеток на процесот на Хашкиот трибунал, Хашкиот суд и како коалиција којашто е аполитичка и независна коалиција, на конструктивен начин ќе се обиде да ги консултира и да ги утврди сите нарушувања, сериозни нарушувања на човековите права во сите предели на поранешна Југославија, во текот на периодот 1991-2001. Исто така, имајќи го предвид бројот на исчезнати лица и злосторствата направени за мене тоа имаше важност и увидов дека е многу важно сето искуство кое што го стекнав таму, се обидов на некој начин да станам лобист во нашето Собрание, се обидов да им објаснам на сите мои колеги во Собранието. Најпрвин почнав со клубот на парламентарки, кои, ние сме 42 жени пратенички. Често пати преку овој клуб на жени пратенички се обидуваме некои работи да ги буткаме напред и ако ние сме 30 или 40 % како жени пратенички, нашите активности покриваат 50 % од активностите на Собранието па затоа сакав да кажам дека има предвид важноста на оваа Иницијатива мислам дека треба да има посамоволна вклученост на сите институции и од републиките на поранешна Југославија вклучително и Македонија како што кажа госпоѓата претходно имавме значи кај нас ние го имавме конфликтот од 2001ва и до ден денес не се расветлени судбините и околностите на исчезнатите лица. Исто така до ден денес не ги знаеме иницијаторите или криминалците, знаејќи дека злосторството не познава ни раса, ниту нација, ниту пол, затоа мислам дека треба да се превземат посуштински мерки за да се расветлат овие работи бидејќи не може да се постигне вистинска слога за понатамошен соживот бидејќи самиот факт ни наметнува нам да имаме соживот, а од друга страна без правилно разрешување на овие случаи без транспарентност во однос на консултација и утврдување на сите овие прашања е невозможно да се постигне успех бидејќи сево ова ќе се префрли во наредните генерации и тоа ќе биде вид на пречка за нормален соживот меѓу заедниците и меѓу сите граѓани на Република Македонија.

Како што кажа госпоѓата во врска со Охридскиот Рамковен Договор, навистина за жал иако сите партии кои тоа време беа актуелни, најмногу се залагаше нашата партија за Рамковниот Договор иако таа не беше јавно потписничка, иако сепак и ние го имавме потпишано тој договор, но ние се

залагаме тој договор, Рамковниот договор да се имплементира бидејќи тоа е за доброто на сите граѓани на Република Македонија, на целото население кое што го одразува истото и во регионот и пошироко. Затоа оваа Коалиција, во случајот РЕКОМ според моите информации можам да констатирам дека е поддржана и од Европската Унија имајќи го предвид дека растурањето на поранешна Југославија, придонесе дека овие територии и сите околности кои што се случија во овие предели се дел од Европа или дел од историјата на Европа, па затоа мора Европската Унија да посвети доследно внимание на овие прашања. Истовремено треба да се создаде една клима односно атмосфера за преку едно тело да се ратификува оваа Иницијатива од Собранијата на сите држави кои произлегоа од поранешна Југославија.

Јас максимално ќе се ангажирам да лобирам во полза на оваа Иницијатива бидејќи гледам дека тоа е во полза на сите нас и не води кон унапредување на нашето општество. Јас сум отворена за вас доколку има некој да поставува некое прашање и доколку можам би одговорила, а доколку не би била во можност во моментов да ви дадам одговор за одредено прашање тоа ќе го направам преку консултации со останатите колеги, но ќе настојувам да ви одговорам. Само сакам да истакнам дека ние како институции на Република Македонија треба да се приклучиме на оваа Иницијатива на оваа акција, бидејќи таа е сеопфатна Иницијатива на општеството и е во полза на сите нас, а истовремено претставува чекор напред кон унапредување на нашата држава па и пошироко. Многу ви благодарам.

**Гордана Дувњак:** Благодарам госпоѓо Јакупи. Значи, точно е дека Иницијативата има поддршка од Европската Унија, меѓутоа треба и да се разбере и нешто друго што е многу поважно, е дека таа првенствено поттикнува од внатре,од самите земји членки, што е многу битно за процесот за да успее. Значи, се појави како потреба од земјите од поранешна Југославија, пред се од Босна Хрватска, Србија, потоа доби поддршка и од останатите земји и сега речиси нема земја од поранешна Југославија. Значи сите 6 земји плус Косово се вклучени во целиот овој процес, што значи дека е комплетно покриен регионот и опфатен. За да не се добие впечаток дека тоа е некоја Иинцијатива којашто странците или меѓународната заедница ја турка, да, многу е битно што има поддршка од ЕУ, од Брисел, од меѓународната заедница. Меѓутоа она што е најважно е што таа е изворна, автентична од овде, од поранешните простори на Југославија. Оваа Иницијатива по многу нешта е специфична, и покрај тоа што ги црпи искуствата од други кризни подрачја, е по тоа што комисиите за вистина кои што беа формирани во останатите земји, тие главно немаа процесуирани судски процеси и процесот на катарза тргнуваше преку таа комисија. Токму затоа РЕКОМ ќе биде малку специфична и можеби во иднина ќе претставува некаков модел за во иднина, бидејќи ќе претставува некава комбинација на процесуирани судски процеси и она што ќе го работи во иднина таа регионална комисија и националните канцеларии. Значи имаме некакви судски процесуирања. Меѓутоа, за овие 15 години и повеќе, тие се сеуште малку на број и покрај тоа што се разликуваат од земја во земја и исто така значи ја имаме и праксата од Меѓународниот суд за човекови права. Сега ќе биде многу битно тој процес да не запре после завршувањето на мандатот на Хашкиот трибунал. Веднаш да кажам она што е и најголемата дилема во пошироката јавност е дека РЕКОМ нема да биде замена за Хашкиот трибунал, туку ќе претставува некакво продолжение, меѓутоа со таа разлика што во иднина фокусот ќе го има

повеќе на жртвите, на страдалниците отколку на злосторниците. Тоа беше работа со којашто повеќе онолку колку што тоа го правеа успешно домашните судови и меѓународниот суд го правеше, меѓутоа фокусот ќе биде уште еднаш повторувам на жртвите, на исчезнатите, на раселените луѓе. Веќе во земјите од поранешна Југославија се формираат и многу силни национални коалиции. Ние сме на самиот почеток, меѓутоа тоа не треба да не обесхрабрува, напротив и оваа средба и овие консултации се во таа насока.

Јас се надевам и лично сум уверена дека по завршувањето на денешниот состанок, конференција, средба како и да ја наречеме дел од вас ќе станат дел од идната Коалиција во Македонија за РЕКОМ. Организаторите тоа подобро ќе го кажат од мене, меѓутоа мислам дека и на излезот има пристапници и секој оној што верува во ова и мисли дека е значајно за наредниот период и којшто сака да помогне е добредојден. Оттаму мислам дека ќе ни биде корисно сега да го слушнеме искуството и размислувањето на господинот Лулзим Хазири од АДИ Гостивар, којшто е дел од тој невладин сектор, за она што тие можат да го прават во иднина и го правеле за овие изминативе 9,10 години на планот на меѓуетничките односи, на зацврстување на довербата меѓу различните заедници. Повелете господине Хазири!

**Лулзим Хазири:** Ви благодарам.

Верувам дека треба да нагласиме дека една ваква Иницијатива извира и е започната од невладиниот сектор којшто цел овој товар на оваа Иницијатива, на невидена Иницијатива ја носи на својот грб и го води овој процес напред и верувам дека со формирањето на регионалните комисии ќе се олесни тој товар којшто веќе со години го носи.

Ја, моето име е Лулзим Хазири доаѓам од Асоцијација за демократска иницијатива, еден невладин сектор со седиште во Гостивар, учесник во последните два Форуми на РЕКОМ, кадешто појасно ми стана оваа Иницијатива и се обидовме со нашиот придонес да ја поддржиме и да го поддржиме тој предлог Статут на РЕКОМ којшто ќе го видиме, и ќе разговараме понатаму. Јас ќе Ве информирам малце повеќе за потребата зошто е формирана оваа Коалиција. Потребата е од воените злосторства коишто се случени во поранешна Југославија и понекогаш и од нивното зголемување од една страна и релативизација или минимизацијата на тие злосторства во заедниците. Значи, имаме јасна идентификација со обвинетите за воени злосторства внатре во нивната заедница и тие лесно ги обвинуваат другите, значи ние до сега го слушавме ова по националните медиуми кадешто секоја страна ја гледа вината во другата страна или во друга етничка заедница, релативизирајќи ја нивната или својата одговорност внатре во нивната заедница. Значи во тој случај, една поддршка беше, изворот беше и тоа што се заборавија жртвите кадешто само им се дава, се поддржуваат или се истакнуваат за некои церемонии. Имаме на пример голем број на проблеми со раселени лица и колективни гробови, немаме политички интерес за да се пронајдат фактите со тоа што се случило во минатото и имаме недостаток на притисок од јавноста. Тука треба да кажеме дека имаме поддршка од претседателите на неколку поранешни југословенски републики. Се напомена дека имаме голема поддршка од претседателот на Хрватска и Србија како и од Собранието на Црна Гора.

Иницијативата се јави од три невладини организации за правата на човекот, Фондот за, хуманитарен фонд сите ја знаат како, каде што е Наташа Кандиќ член, Документ од Загреб и Асоцијацијата за истражување од Босна. Значи тие ја повикаа Иницијативата за односот во минатото, тие подигнаа дебата во 2006 за да се изнајдат фактите за војните од поранешна Југославија.

На првиот Форум за транзициона правда којшто се одржа во Сараево учесниците, претставниците на поранешна Југославија, млади претставници, организации од жртви, ветрерани од војната, писатели, судии, јавни обвинители, и експерти на транзиционото право, одлучија за да може да се види минатото треба да имаме регионален пристап и да се види на кој начин се направени или во кој контекст се направени злосторствата. Иницијативата за регионален пристап поминува во Иницијатива за создавањето на регионалните комисии за одредување на фактите на воените злосторства и другите престапи за човековите права од јануари 1991ва и до крајот на 2001ва, кадешто се вклучува и конфликтот којшто се случи во Македонија. Овие три организации, ја предложија РЕКОМ како Иницијатива во мај 2008 во Подгорица и завршија во март 2009. Тогаш Иницијативата се поддржи од 150 организации, а сега нивниот број е околу 1000. И која е целата на овие комисии на формирањето на овие комисии? Над се, е создавањето на точни податоци и официјални податоци за воените злосторства и другите престапи против човештвото од 91ва до 2001ва, познавање на жртвите и нивните проблеми и да не се повторат овие злосторства. Значи со именување на злосторството истото нема да се повтори, така се мисли во пракса. Се оценува дека РЕКОМ може да ги, да намали некоја од лагите што се даваат на јавноста коишто досега се покажуваат и треба да се истакне дека тие не се вистинити треба да се има јавна платформа за гласот на жртвите и со нивното јавно слушање. Значи тука ќе има почит и солидарност кон тие жртви не само на жртвите коишто, веќе имаме, се жалиме туку и за жртвите коишто во минатото не сме ги гледале како жртви. Јас многу бев емоциониран кога ги слушнавме јавните изјави во Нови Сад и Загреб каде што првпат се срећаваш со сето тоа што го преживеале тие жртви во текот на еден конфликт, и тоа се мисли дека е еден поттик за да се турне процесот нанапред и да се изнајде вистината и да се именуваат тие коишто правеле злосторства, воени злосторства. Се верува дека РЕКОМ може да има еден дневник на жртвите за да еднаш за секогаш ја снема таа манипулација на жртви и убиени луѓе. Значи ние во Македонија сеуште не го знаеме бројот на сите жртви од конфликтот од 2001 и тоа остава можност за манипулации со бројки со тоа што уште повеќе се расипува ситуацијата. Може да им се помогне на јавните обвинители да се најдат докази, да ги поддржиме жртвите да учествуваат во судските процеси, организација на досиеата во одредени случаи, може да се поддржат другите комисии, да се помогне да се изнајдат масовните гробници и да се најдат жртвите коишто не се познати, да се врати достоинството на жртвите и на нивните семејства како што нагласи пратеничката. Значи за семејствата не се тие бројки, 70 убиени, тоа е една семејна трагедија на пример која што им тежи во едно цело семејство. И како се предвидува да изгледа РЕКОМ ќе видиме малце во крајниот дел од средбата кога ќе разговараме за нацрт или предлог статутот. Јас само на краток начин ќе ви кажам каков модел се предвидува за овие комисии.

- РЕКОМ ќе биде официјален орган којшто ќе биде создаден од земјите од поранешна Југославија, ќе биде независен од нејзините создавачи.
- Регионален орган којшто ќе биде основа од искуствата на жртвите, а не само искуствата на членовите, ќе биде воспоставен во територијата на местата каде што се направени тие злосторства. Орган којшто ќе се бави, со злосторства во одреден период на време, значи орган којшто ќе треба да ги организира јавните сослушувања на жртвите.
- Несудски орган којшто ќе донесе одлуки поврзани за фактите за тоа што се случило врз основа на истражувањата и судските процеси и не носи закони.
- Истражувачки орган кој што може да интервенира и да побара од секого информации за да има мултидисциплинарни истражувања да повикува лица и претставници на институции политички групи, на верски заедници, да дадат мислења, да дадат податоци за тешкото минато.
- Истражувачки орган којшто може да понуди закони за како некои институции заеднички или индивидуално не постигнаа или не успеаа да ги поддржат правата на човекот во минатото, човековите права во минатото.
- Еден вистински и доверлив орган којшто ќе се раководи од најмалку два независни извори.
- Орган којшто никого не суди, но може да ги именува авторите и тие што направиле злосторства, и да предложи да бидат сменети од нивната позиција или од некоја институција.
- Истражувачки орган којшто ќе биде во соработка со комисиите за исчезнати лица, значи ќе соработува со други комисии, органи коишто подготвува предлози за програми за форма на материјалната компензација, барање извинувања, подигнување на споменици итн.
- Орган со кредибилност којшто има највлијателни и добри индивидуи, претставници од различни етнички заедници, верски заедници именувани со точно одредени критериуми.

Верувам дека еден ваков модел и еден ваков состав на една ваква Комисија, регионална Комисија ќе биде еден голем предизвик за сите земји и ќе бев многу среќен доколку Македонија успее да ги најде сите тие борци за правата на човекот коишто активно ќе бидат ангажирани во работата на оваа Комисија доколку што побргу ја формираме. Овие беа податоците за тоа што која беше потребата да се формира една ваква Комисија. Ви благодарам.

**Гордана Дувњак:** Благодарам Лулзим. Сега ми се чини дека е вистинско време да поразговараме малку околу самата Иницијативата и да ги слушнеме вашите мислења околу ова прашање. Верувам дека дел од вас веќе беа запознати околу Иницијативата, а на некои им стана многу појасно по денешново објаснување, а можеби само како дополнување, мислам дека тоа и го спомена Рона. Меѓутоа битно е да се каже дека до крајот на годинава или можеби на почетокот на следната година треба да се усвои нацрт Статутот, а според плановите до јули месец наредната година ќе тече една многу широка акција за собирање на потписи. Крајната цел е да се соберат милион потписи коишто ќе бидат демонстрација на широкораспространета волја и желба за да успее оваа иницијатива којашто ќе биде доставена до парламентите. Она што ќе биде следна етапа е сите парламенти да донесат Декларација или Одлука за формирање на регионалната

Комисија, бидејќи таа Комисија може да успее само доколку има силен легитимитет и силен мандат, добиен од парламентите на секоја држава членка и да се направи на најдобар можен начин процесот на селекција на членовите во регионалната Комисија, бидејќи се ќе биде попусто и безвредно доколку не седнат таму навистина вистинските личности коишто се ослободени од предрасуди, коишто имаат силен авторитет во своите национални средини па и пошироко. Значи тука јас завршувам со мојот дел од дискусијата. Ве поканувам Вас на дискусија, имаме половина час да разговараме. Јас ќе Ве молам со подигнување на рака и да се претставувате. Прв се јави господинот Змијанац, повелете!

**Драги Змијанац:** Од сите што дискутиравте до сега, една работа најмногу што ми се допадна е, сите ние треба да работиме за нашите идни генерации да се ослободат од товарот и бремето кој за жал многу често возрасните го прават и не знаат како да се справат на време со тоа, па страдаат идните генерации. Тука сум сега, а се сеќавам 92ра, значи во тогашен Холидеј, како се викаше Гранд хотел, сегашен Холидеј Ин, заедно со Наташа Кандиќ и Фонд за хуманитарно право, собиравме, се договаравме за интервјуа со жртвите од Босна и Херцеговина од источниот дел Братунац, Сребреница гоча итн, колку беше важно да се проговори за жтвите погодени во Босна и Херцеговина и бевме фокусирани на жртвите. Значи втора работа што многу ми се допаѓа во Иницијативата РЕКОМ е да се занимаваме со жртвите, нема никаво оправдување за сторените воени злосторства. Јас она што забележав, а ќе интервенирам во Статутот доколку може, има дел во целите кадешто се посочува битен и суштествен момент, а тоа е покрај ова што го напоменав, значи да се утврдат фактите за воените злосторства и тешките кршења за човековите права е приоритет, но не знам зошто ни се провлекува да ги утврдиме и политичките и општествените околности кои влијаеле за извршување на овие дела. Аналогно на тоа си дојдов до еден логичен мој заклучок кој може да го оспорите, зошто е неопходно во целите да стои да се утврдат политичките и општествени околности кои влијаеле при извршување на воените злосторства и тешки кршења на човековите права ако приоритетни се во утврдување на околностите и фактите за воените злосторства може при околностите да ја намалиме и тежината на фактите за овие тешки кршења на човековите права. Значи со други зборови нема оправдување за воените злосторстава ако ги дефинираме околностите. Значи да не навлеземе во една би рекол политичка дебата или лавиринт околностите допринеле па затоа имаме факти со тешки воени злосторства и тешки кршења на човековите права. Нема амнестија, нема околности, нема оправдување. Значи ако се фокусираме на идните генерации, а да се расчистат сегашните и минатите и се утврдат фактите, мислам дека во многу може да помогнеме да се ослободиме од товарот на војната и се фокусираме пред се кон жртвите. Благодарам.

**Гордана Дувњак:** Благодарам. Само накусо ако може да одговорам. Значи ова ваше размислување не е нешто ново или нешто што не го земале предвид и останатите, за сите овие консултативни состаноци. Јас барем колку што имав можност да видам и колку што бев информирана, тоа прашање и натаму е отворено. Мислењата во рамките на Иницијативата се поделени. Дел од учесниците се блиски до вашето становиште дека нема причина од утврдување на околностите или со други зборови кажано политичкиот контекст. Меѓутоа постои и едно раширено убедување дека самото утврдување на фактите или бележење на фактите без притоа да

се нема предвид политичкиот контекст нема да ја достигне целта, затоа што на тој начин би се занимавале само со последиците, а не и со причините така што таа дебата е сеуште отворена и има приврзаници за и против. Јас не велам дека со тоа што ке биде наведено во Статутот како цел и ќе може регионалната Комисија да ја оствари сепак тоа се прашања коишто ќе мора на терен и со практиката да се утврдуваат и да се справува со нив Комисијата. Ви благодарам!

**Илија Николовски:** Јас сум Илија Николовски, претседател на Здружението на ветерани од одбраната и безбедноста на Република Македонија. Инаку учесник во конфликтот 2001ва, поконкретно командував со силите во Западна Македонија. Сакам да ја поздравам Иницијативата РЕКОМ, мислам дека има потполно општествено оправдување и сум еден од тие кои сакаат да дадат активен придонес во утврдување на фактите. Исто така, сакам да констатирам дека треба да бидеме среќни и задоволни што така се заврши конфликтот за разлика од другите републики. Во врска со тоа сакам неколку факти да кажам. Рековте дека не се утврдени жртвите, тоа од едната страна не се утврдени, затоа што немаше ниту политичка волја, ниту искреност да се утврдат, затоа што албанската страна никој пат не ги пријави своите жртви. Од македонска страна сите жртви се евидентирани со излегување на јавен обвинител, со истражен судија, сето тоа е документирано. Значи, нема од македонска страна нетранспарентност околу жртвите. Сите се потполно евидентирани со истражни судии со јавни обвинители. Можеби не е сега место тоа да го кажам, меѓутоа се констатира дека кај одредени жртви имаше она што се вика во судската медицина убивање во некое друго време или продолжено убивање. Тоа беше на пример кај Вејце, каде што жртвите беа масакрирани и тн. Следна работа што е многу важна да се констатира, е дека ние имаме жртви за време на преговорите за Охридскиот Договор и некои жртви после Охридскиот Договор и сум присталица на оние кои се за утврдување и на фактите. Иако бев командант, јас за многу работи ден денеска не можам да си расчистам зашто почна тој конфликт. Уште една работа да кажам, не би рекол дека сум горд, меѓутоа задржав многу пријатели од албанска страна и за време на конфликтот и ден денес, а зашто тоа, затоа што, зборувам за армијата,ние настојувавме во секое време да се почитува меѓународното хуманитарно право. Кај секој војник во војничката торбица ги имаме извадено, извадоци од Женевската конвенција, од меѓународно хуманитарно право што го установија меѓународни посматрачи односно од Меѓународниот Црвен Крст имаше обиколка во единиците, настојувавме да нашите војници, зборувам за војската, за армијата, да секојпат постапуваат хумано према цивилното население. Освен Карпалак, не Карпалак, него освен Калето кадешто изведовме една акција, јас бар не се сеќавам како командант дека армијата нападнала цивили, нападнала населено место, туку секогаш дејствувала во одбрана на своите позиции. Е сега имам едно прашање, реков жртвите од албанската страна не ги знаеме, дали има политичка волја, ево до пратеничката Јакупи, да еден ден се изнесат кои се жртвите од албанската страна и понатаму околу жртвите, не сум само да се знаат жртвите туку треба да се третираат и нивните фамилии. Моето прашање е исто така, дали постои политичка волја, не мора да ги кажат извршителите на киднапираните, меѓутоа бар да се кажат каде се тие луѓе закопани. Досега таква политичка волја не се покажа. Повторувам дека голем поддржувач сум на оваа Иницијатива, на извршниот одбор во нашето здружение донесовме одлука да пристапиме и сме подготвени не само јас него и сите членови на нашето здружение да активно учествуваaат во сите иницијативи, а здружението не е

мало, седиштето е во Домот на Армијата во Скопје и 13 ограноци имаме во Република Македонија, над 1200 членови, за сега толку. Ви благодарам!

**Гордана Дувњак:** Ви благодарам и вам.

(Прекин)

**Маргарита Цаца Николовска:** Благодарам. Маргарита Цаца Николовска како што се претставив пред малку. Дозволете ми прво да се заблагодарам на оваа покана за учество на оваа иницијативна конференција или не можам ни да ја наречам иницијативна заради тоа што очигледно дека и претходно се држени некои други...е да, консултативна конференција итн. Она што мислам дека сите овде ќе се сложиме е дека оваа Иницијатива треба да се прифати во целост и она што сметам дека треба да биде едно од примарните работи е да малце повеќе се работи на запознавање на целокупниот народ во Македонија со постоењето и со идејата за вакво нешто. Зошто ова го зборувам, заради тоа што мислам дека не се сите запознати и покрај тоа што очигледно слушнавме дека оваа Иницијатива е од многу поодамна и самиот факт што Македонија последна на некој начин, пристапува кон тоа уште еднаш се покажува едно сознание бар според мене дека многу информации не постојат. Кога не постојат многу информации тогаш нормално доаѓа до едно неразбирање на состојбите и нешто што може само да штети утре задутре во развитокот на оваа Иницијатива. Од филмот што го видовме исто така се виде дека на некој начин многу поголемо учество земале другите поранешни републики од Југославија, сегашни држави и земале учество очигледно и во правење на нацрт статутот што на жалост Македонија ја немала таа да речам можност да учествува и да разговара во тој дел. Зашто ова го зборувам, заради тоа што меѓу другото можеби не е сега време, можеби на втрората дебата тоа би се зборувало, меѓутоа има една нелогичност, се зборува на почеток за период од 1999 до 2001 ако тоа се земе во правничкиот речник 2001 не е внесен, за да понатаму на некој начин се дообјаснува па се каже дека е до 31 декември 2001, што значи дека и тој период е прифатен итн. Ова повеќе го кажувам само како една иницијална можност да дојде до некое недоразбирање виз а ви врзано за она што значи дека треба граѓаните многу повеќе да бидат информирани за оваа Иницијатива, уште повеќе што спомнавте дека многу брзо ќе претстои иницијатива за собирање на потписи, ако сакаме целосно да бидеме вклучени треба луѓето да бидат информирани. Меѓу другото беше спомнато барем од филмот што јас можев да видам и нешто од искажувањата, дека станува збор за некоја регионална државна комисија, сега, прашањето на инволвираност на државата виз а ви иницијативата, прашањето на независност и на непристрасноста на оваа комисија виз а ви државата е нешто коешто треба да се објаснува и нешто коешто треба да влее доверба во самата држава и малце пошироко. Очигледно дека во поедини држави тоа нешто е постигнато имајќи во предвид повторно велам изјавите на лицата што ги слушнав. Кога се зборува за независност и неприсртрасност многу е врзано до финансирањето, кој финансира, како финансира, барем јас овде во овој момент овде не слушнав, а мислам дека тоа треба да биде нешто што исто така треба на јавноста да и биде многу познато. Јас не сум имала можност ова да го презентирам пред Советодавниот одбор на Институтот за човекови права, меѓутоа повеќе ова го гледам како од една позиција на поранешен судија во Европскиот суд за човекови права каде што многу работи претставувале можност за утврдување на вистината, не се само судските

постапки и не се само одредени наоѓања од страна на судовите обвинителствата,полицијата итн. На голем дел од вас веројатно ви е познато постоење на одредени тела во рамките на Совет на Европа и одредени тела во рамките на Европска Унија коишто наоѓања се зимаат понатаму како елемент за утврдување на вистината. Слушнавме дека нема да се утврдува вистина односно фактите нема да се утвдуваат или ќе се утвдуват. На филмот имаше едно искажување на еден господин којшто изричито рече дека Комисијата не може да се бави со утвдување на факти. Мислам, повторно ова го велам само со цел за да се разјасни дека фактички, вистина и факти ќе се утврдуваат, самото име на Комисијата е такво према тоа ме зачуди едно такво гледање, меѓутоа повторно ќе кажам веројатно тоа е во период кога на некој начин се размислувало, се формирало итн. Пак, само од аспект да биде многу јасно, многу попрецизно за да можат граѓаните да ја поддржат многу повеќе оваа Иницијатива, затоа што ние можеме да ја поддржиме како сакаме, меѓутоа ако нема верба во работата на оваа Комисија мислам дека Иницијативата е излишна. Вербата е онаа којашто треба да биде работа на сите нас, не само невладиниот сектор, за невладиниот сектор мислам дека е најлесно, многу е поважно однесувањето на државата и однесувањето на оние коишто еве ако сакате и членовите на Комисија ќе ги избира итн. Се спомна дека се има разговарано и со одредени судски органи, во коишто претпоставувам дека биле влезени покрај судиите и обвинителите, имајќи во предвид што се е нивната работа, не знам дали е нешто разговарано во врска со постапувањето во истрагата, не од овие органи туку од органите на полицијата каде што фактички можат многу факти.

(Прекин)

**Никола Грков:** (...) што би матичните држави, конкретно зборувам за Македонија, што би државата превзела за нив, затоа што сега за сега, да не речам до еден али сите се маргинализирани, сите се некаде као исфрлени и покрај тоа што лично ја со оваа тема посебно се занимавам, уште 2006та година имав пишувано, па потоа на 2007 година кога беше првото соочување меѓу единствениот оружен одбранбен систем на Република Македонија и припадниците на ОНА, односно диверзанските групи кои сакале или не сега ете ги имаме во власта, како тоа ќе се утврдува и една друга работа, спомнавте пртходно, ова се однесува на госпоѓа Дувњак, дека општо 70тина жртви, што не е точно. Прво 70тина беа само припадниците на армијата на Република Македонија, има плус министерството за одбрана, припадниците на МВР и цивилни жртви други има. На господата синоќа на некој начин ја анализирав дебатата односно емисијата „Чуму“ каде што лично на господинот Зимбери му поставив прашање, која им беше логистиката, зошто не пријавија жртви, а сега пријавуваат. Факт е дека имаше жртви од кај нив, меѓутоа никаде не пријавени, не регистрирани, али тоа е се со причина и со повод, а поводот и причината се увезени борци, командата на ОНА и АНА, генералштабот на чело со Али Ахмети беше во Призрен, значи ние имавме и те како агресија, уфрлени диверзантско терористички групи. И на крајот, би замолил да се размисли за утврдување на живите жртви, односно да се направи една анкета на пострауматското стресно растројство присутно кај борците, затоа што, и на последниот состанок на 3ти јули што беше, јас кажав една цифра како последица од пострауматско стресно растројство или попознато во народот виетнамски синдром, колку до сега имаме наши соборци починато и уште колку и те како ќе починуваат. Треба да се утврдат тие

факти, а насупрот тие работи, ја кажав цифрата на некој начин, ја спомнав од разни состаноци по државата, генералот ме корегираше, меѓутоа можда је и он во право, можда и ја. Целта е, со единствено договарање да се утврдат фактите на живите жртви исто како што ќе ги утврдуваме фактите и на жртвите погинати, на кој начин се погинати, кои се причините, па ако се утврдуваат, а беспредметно е да се утврди жртвата, а да не се утврди кој е причинителот односно кој е злосторникот. Јас толку имам.

**Гордана Дувњак:** Ви благодарам, и веројатно значи и една од целите на Комисијата ќе биде токму тоа и подготвување и регистар на жртви, а и жртвите претпоставувам така и во образложението на нацрт Статутот се сфатило и од членовите на работната група многу поширoко отколку физички жртви туку и за овие жртви за кои што вие зборувавте. Само господинот, меѓутоа да не го шетаме ако дозволите микрофонот, па ќе продолжиме по истата линија.

**Лулзим Хазири:** Само да додадам, да му разјаснам за, на господинот кој побара во врска со компензацијата и трауматолошките последици на живите жртви. Значи моделот на РЕКОМ предвидува и има мандат само да препорача, не може да утврдува, туку да препорача во насока на креирање на програми за репарација на жртвите, во форма на материјална компензација,односно по барање на извинување и никако нема да тргнува од тоа дека бројот на жртвите ќе ја определува правдата. Значи нема да има никакви сатисфакции од ниту една страна за бројот на жртвите, тие сите се жртви без разлика колкави и од која страна се, значи во таа насока ќе ги третира жртвите.

**Гордана Дувњак:** Ви благодарам за интервенцијата, господинот во вториот ред.

**Миле Алексоски:** Значи, уште еднаш Миле Алексоски од Центарот за истражување и креирање политики. Ја поздравувам силно оваа Иницијатива и убеден сум дека ќе има успех, ние како тинк танк број еден, не само во РМ, туку и во поширокиот регион на ЈИЕ можеме да ви дадеме силна поддршка како низ процесите ако Ви е потребно анкетирање на граѓаните преку телефонски анкети, преку теренски анкети и исто така преку аналитиките. Имаме силни капацитети да влијаеме врз креирањето на владините политики, значи на државите во целост за разрешување на она што како заклучок ќе дојде на крајот на работата на Комисијата.

Јас најповеќе сакав во овој дел да кажам, изнајдов доста забелешки, госпоѓата Цаца Николовска ги кажа некои од нив што јас ги приметив, меѓутоа овој предлог Статут навистина треба добро да се претресе и искристализира. Ова е само една многу првична да кажам предлог верзија, којашто има доста грешки од разни природи почнувајќи од самата содржина, не се поклопуваат членовите во содржината и во самиот текст итн, меѓутоа најбитна забелешка што јас ја приметив, останатите ќе ви ги дадам писмено за да има време и за другите учесници, меѓутоа јас само оваа сакам да ја кажам пошто за мене лично е многу битна за и останатите комисии што се на ниво на другите републики треба да го извагаат ова како моја сугестија и размислување во делот кој треба да биде член на Комисијата, значи мислам дека тука имам еден конфликт кајшто во делот кајшто се вика „лице кое извршувало политичка функција во последните две години“ тоа е во ред, меѓутоа што со оној период кога националистичките политики кои се спремаа во кујните, да кажам, во

определени држави, со ова им се дозволува некој од нив да учествува во таа Комисија, значи тука нешто не е во ред. Мора ова добро да се претресе од причина што имавме многу политичари кои дадоа силно негативно влијание врз конфликтите и обратно во делот кајшто се вика „не може да биде припадник, професионален припадник на воени полициски, разузнавачки или други безбедносни сили“ и тоа треба да се извага добро од причина што имавме многу припадници на овие безбедносни сили кои дадоа позитивни ефекти, значи тука треба нешто да се стварно извага добро и да се промени. Ја можи и со име и презиме и од едната и од другата страна, ама мислам дека не е сега место да го спомнувам тоа, се знае кои беа тие што ги дадоа и негативните влијанија и позитивните и од политичарите и од безбедносните сили. Благодарам!

**Гордана Дувњак:** Ви благодарам, само една мала интервенција. Инаку многу ќе се води сметка околу изборот на членовите во Комисијата. И работната група е цврста на уверувањето да се воспостават многу филтри за да се отстрани секаква можност за сомневање и за пристрасност. Продолжуваме натаму, господинот.

**Предраг Петрушевски Бинго:** Добар ден, јас сум Предраг Петрушевски Бинго, директен учесник во вооружените дејствија од 2001ва година. Ја поздравувам оваа Иницијатива за формирање на оваа регионална Комисија за утврдување на фактите околу воените злосторства и ги поздравувам обраќањата на досегашните учесници во дебатата, тие најверојатно повеќе се од мене научени да дебатираат долго и на широко. Јас во име мое лично како директен учесник во војната 2001ва, не сакам да се повикувам на никои организации, на никои, некои групации, кои мислејќи дека стои некој позади нив ќе излезе со некој став ќе го кажат и ќе останат живи, сакам денеска јасно да прашам пред оваа Иницијатива РЕКОМ. Непобитно е 2001ва имаше војна во Република Македонија, тоа е прво. Второ, вршење на воени злосторства на територијата на Република Македонија пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг се покренати 6 обвиненија за извршени воени злосторства на територијата на Република Македонија. Трето, две од тие обвиненија кои се доставени до Хаг на расправа се процесуирани и веќе има пресуди, значи зборуваме за воени злосторства, 4 од тие обвиненија кои беа покренати до Хаг се вратени со образложение дека Хаг не е надлежен да решава за воените злосторстава по тие четири основи и се вратени на судовите во Република Македонија. Каде тука е изиграна вистината за воените злосторства на територијата на Република Македонија? Дали враќајќи ги овие предмети како ненадлежност на Меѓународниот суд не се стави жежок компир, камен или како сакаме да тие предмети нас не оптеретуваат мошне долго време или ги дигаат етничките тензии во Република Македонија. Благодарам!

**Гордана Дувњак:** Благодарам и вам, во средината господинот, ако сакате само малку па ќе се вратиме уште од преестка дига рака, па повторно.

**Здравко Савески:** Здравко Савески, Движење за социјална правда, и ајде и јас ќе речам учесник во конфликтот, мислам дел мобилизиран, дел од луѓето мислам тоа не го нагласуваат посебно за посебно да го истакнуваат, но ете во оваа прилика можеби добор е тоа да кажам дека и јас сум бил учесник во конфликтот. Она што се надевам на сите тука му е јасно како цел кон која треба да се стреми кон што треба да заврши ова е зголемување на нивото на соживот во Република Македонија. Значи таа треба да биде целта колку што јас сфаќам.Зголемување на соживотот во

Македонија може да се постигне на начин на кој да речиме нашата организација, го прави тоа. Значи нашата орагнизација е антинационалистичка, значи ние се бориме против национализмот на едната и на другата страна. Може да се направи преку помирување и тука овој елемент на помирување се трудам да го најдам во РЕКОМ, но некако ми го нема. Утврдување на фактите, утврдување на вистината е едно нешто што некој може да смета дека автоматски води кон помирување, но не нужно, не е нужно ако се утврди одреден факт дека тоа ќе доведи до резултат помирување и соживот, и треба значи според мене, како една од клучните цели на оваа мрежа организација да биде и по вклучувањето на моментот на помирување, бидејќи одеднаш ако се ограничиме ние само на утврдување на фактите тогаш испаѓа дека ова е нешто како научна институиција. Научна инститиција утврдува факти, но ако имаме друга повисока цел, тогаш мора да биде вклучено и помирувањето и тука јас би нагласил во нацрт Статутот дека имате цитирани неколку организации во други земји кои се цитирани под „како основачки акти на други комисии за вистината", но го нема тука и помирувањето. Кога ги прегледав тука сите овие комисии, освен една или две, не е само труд туку е реконсилиејшн, така што голема крупна гршка ќе биде ако помирувањето се изостане од ова утврдување на фактите, толку.

**Гордана Дувњак:** Реплика, па ќе продолжиме.

**Боро Китаноски:** Сосем краток, уствари две работи, Гордана да не ми замери. Да се задржиме на статутот детално во втората сесија, меѓутоа ако сега е нешто баш жешко тогаш во ред. И само краток коментар на дискусијата од Здравко, помирувањето не доаѓа со наредба или така што ќе го ставиме во наслов некаде, нашата претпоставка е дека тоа е невозможно без утврдување на факти, без вистина, без правен процес и уште некои други работи. Ова е само дел од таа големата прикаска којашто е помирување.

**Гордана Дувњак:** Господинот до него.

**Рахим Лимани:** Ви благодарам! Првин се претставив, Рахим Лимани од Здружението на ветерани на војната од ОНА. Како јас го гледам ова, во однос на тоа која е целта на РЕКОМ. Јас лично ја гледам како една Иницијатива за сензибилизирање на општото мнение во сите предели на поранешна Југославија, за да се разјаснат и да се обелодени вистината за тоа што се случи во териториите на поранешна Југославија. Со тоа ќе нагласам едно прашање, доколку не успеваме како Комисија да на непосреден или посреден начин ги натераме и политичките гарнитури коишто во моментов се во врвот на пирамидата на власта во овие држави од поранешна Југославија ќе биде многу тешко да се обелодени вистината бидејќи за жал до ден денес овие држави обично се политички гарнитури коишто можеби повеќе се склони на тоа што се нарекува иницијатори или да не речам виновници за тоа што се случи во републиките од поранешна Југославија. Истото и во Македонија, би сакал да кажам дека во моментов сведоци сме за тоа кој е на власт, беше овде спомнато дека во Хрватска и Србија е во ред или би било во ред барем најмалку декларативно е добиена поддршка од претседателите на овие две држави, но за жал следејќи ги економско политичко општествените околности во овие држави има малку промени во таа насока. Не би сакал сега да елаборирам во детали кои се определените односи меѓу овие две држави од поранешна Југославија, меѓутоа мислам дека нема некоја суштинска разлика од

тоа што беше 91ва, 2010, но и сега од 2010. Овде беа претставени некои дилеми за тоа кои се жртвите на овие настани во поранешна Југославија. Јас со потполна одговорност би рекол дека жртва е целото население на поранешна Југославија, а посебно најниските слоеви на населението. Исто така, беа претставени некои други прашања во однос на бројката на жртвите, затоа јас реков дека сите сме жртви. Е тогаш конкретно убиени беше спомнато нешто во однос на тоа, беа кажани бројки едната страна кажува дека ги знае бројките и ја обвинува спритивната страна зошто не кажува бројки на жртвите. Јас ви гарантирам дека и спротвната страна ги има сите податоци со имиња, презимиња и со све останато, но една работа треба да се потенцира, дека за жал и по 10 години овде, иако беше овде спомнато дека во Македонија имаше војна значи тоа е неминовна вистина, но за да се има војна да се војува треба да постојат две страни. Првата страна што ги знае бројките е сосема во ред но и во однос на втората страна ние ги знаеме сите имиња презимиња бројки, но и по 10 години по завршување на конфликтот едната страна што беше вклучена во конфликтот во 2001ва значи албанската страна уште не има институционален третман во државата. И се додека тоа не се случи јас не знам ни како тие податоци, бројки да се соопштуваат, кому да му се соопштуваат и поради тоа значи би сакал да апелирам во однос на оваа насока, да овие консултативни состаноци на регионалната Комисија да не се употребат за нешта коишто не би придонеле кон целта кон којашто се стреми оваа Комисија. Ви благодарам.

(Прекин)

**Гордана Дувњак:** (...) Јасмина, од другата страна господинот и после паузата продолжуваме.

**Лирим Шабани:** Ќе бидам многу краток, активноста значи Иницијативата ми се допаѓа искрена е и транспарентна, но исто така се надевам дека и работата во рамките на Комисјата ќе биде транспарентна. Лично имам една забелешка, ние како организација имавме позитивни укажувања дека ќе бидеме поканети и во Загреб, дека ќе ни бидат дадени и материјали, но ниту бевме известени, ниту поканети, ние отпосле дознавме дека во Загреб се одржала таа комисија. Мислам дека не треба да има занемарливост во однос на ние што сме дел од Иницијативата, јас сум бил 18 годишник кога беше конфликтот, значи најмлад од сите сум тука.

**Боро Китаноски:** Само спомнете од која организација точно доаѓате?

Организацијата на воените ветерани од ОНА, после Комисијата што вие ја формирате мислам дека е добро да учествуваат лица кои што директно биле вклучени во конфликтот барем најмалку оние кои што држеле едно оружје во рака, бидејќи ние сме оние протагонистите, а вие сте во вид на гледачи на тоа што се случило. Значи јас и генералот ги знаеме повеќе работите отколку што вие би ги знаеле. Ова не значи дека сакам некого да навредам туку во однос на објективноста сакам тоа да го истакнам и ние имаме податоци наши и ние имаме наши белешки во врска со нашите жртви и цивилни и лица коишто учествувале во конфликтот. Тие податоци ги имаме претставено во нашите медиуми и податоците за жртвите од македонската страна ги имаме читано од македонските медиуми. Значи колку господата успеале да читаат од албански медиуми кои се тие жртви итн тоа е нивен проблем, дали успеале да се запознаваат, но поентата е дека јас како учесник на тој конфликтот сам сум се образувал и се останато. Значи ниту сум имал потреба некој

да дознае за мене која е тоа личност, кој е тој човек, а всушност и не сме имале потреба во минатото да седнеме со спротивната страна да ги прашаме зошто вие сте седнале,зошто вие сте фатиле оружје во рака и зошто сме војувале. Значи за жал е, би била тоа една спроведена, една таква политика која што за жал придонесе да војуваме едни против други. Толку од мене, Ви благодарам.

**Наташа Стаменковиќ:** Наташа Стаменковиќ организација „Можам“, мрежа на женски организации. Само накратко неколку потточки. Значи најпрвин исто и јас сум една можеби и најмлада овде присутна. Целта на РЕКОМ колку што досега знаеме е соживот и помирување меѓу другото, меѓутоа на овој состанок со сета должна почит којашто сите овие луѓе овде ја претрпеле за време на конфликтот, нагласувам дека на нас младите генерации е оставен теретот да живееме заедно и во соживот. Тоа е целта на РЕКОМ да им се покаже на жртвите дека не се сами дека има кој да ги сослуша и дека ние понатаму, млади луѓе, младината на Република Македонија, коишто сме сеуште она таканаречено неотровани, значи баш не затруени од самиот конфликт, да не ни се пренесува тоа на нас, а да се чуе навистина што се случило.Тука се подразбираат и оние индиректни жртви во правничкиот речник и оние потенцијални жртви, семејствата итн, со тоа што на одредени регионални форуми од претходно од РЕКОМ, беше нагласено една реченица: најтешко е кога среќа постанува смртта, односно да се сознае дека некој од вашите драги е починат односно е убиен за тоа време односно да му се најдат неговите коски. И тоа е исто така една од основните начела да кажам на РЕКОМ. А во однос на помирувањето многу луѓе и од самиот филм кажаа „ќе простам доколку сторителот на мене ми каже каде е моето чедо, мојот брат“ итн. Значи до некаде најверојатно кажувам, не нужно како што кажа колегата, но се очекува дека ова е можеби и најлегитимниот начин којшто би водел до помирување на групите, затоа што уште еднаш ќе нагласам, на иднината останува, на нас останува, ние ќе мораме да живееме во соживот, а и самата дебата овде што се јави наведува некаква тензија којашто сеуште реално постои во нашите животи и ќе постои и понатаму. Што се однесува до Хашките случаи само што се напоменаа, четирите коишто се вратени во Скопје, судот не се изнесе како ненадлежен, туку по принципот, односно правилото на (...) стратегија за исполнување нели на мандатот до завршување на судот тие беа вратени на одлучување во националните судови како што беа вратени и во другите земји. Ви благодарам!

**Гордана Дувњак:** Ви благодарам. Господинот и пауза за кафе. Благодарам на трпението ама има многу голем интерес, после паузата, да.

**Горан Димоски:** Ви благодарам. Конечно, јас сум Горан Димоски, претседател сум на Здружението на припадници на безбедносните сили од конфликтот 2001ва „Бедем“.

Инаку сум активен учесник во воените конфликти во 91ва година на територијата на Хрватска и 2001ва во Македонија. Во потполно се слагам со забелешките и изнесувањата која госпоѓата ги изнесе врзано за предлог Статутот на РЕКОМ и сите оние забелешки кои ги даде да не се повторувам и јас. Лично сметам дека довербата која ја гради или која треба да ја гради РЕКОМ во Македонија треба да биде поагресивна, треба да биде независна и непристрасна, барем за почеток и сходно на тоа значи не сакам да се повторувам, сакам едно конкретно прашање до

госпоѓата Јакупи, која кажа дека присуствувала на Форумот во Загреб, кадешто имала свое обраќање за исчезнатите лица во Македонија од воениот конфликт во 2001ва. Лично ме интересира, дали излеговте со излагање со конкретни примери и доколку е тоа така, кои примери ги изнесовте? Јас имав толку.

**Зумрете Јакупи:** Јас гледајќи ја важноста на оваа коалиција на регионалната комисија увидов дека е оправдано ние како Македонија да се вклучиме во оваа Иницијатива, знаејќи ја ситуацијата во 2001вата година, како што кажаа некои соговорници какви беа ситуациите и какви беа околностите, затоа е многу важно ние да се соочиме со минатото и со сегашноста бидејќи само на тој начин ќе можеме да создадеме една добра средина за наредните генерации. Дискусијата значи во Хрватска беше во оваа насока, значи без некои конкретни податоци. Ви благодарам.

**Гордана Дувњак:** Ве поканувам на кафе, половина час пзуза.

(Кафе пауза)

**Боро Китаноски:** Да продолжиме со нацрт Статутот, зедовме малку подолга пауза него планирано, постоеше потреба кај повеќе луѓе да зборуваат.

Продолжуваме со разгледување на нацрт Статутот, госпоѓата Гордана Дувњак и Горан Талески ќе зборуваат за цели и задачи на РЕКОМ со осврт на Статутот. Веќе во претходната сесија беа споменати некои пропусти во однос на несогласување на членовите и сето тоа, што е всушност многу добро затоа што сакаме, пред три дена стигна последната верзија ова е Статут којшто постојано се менува на вакви средби и пред три дена стигнаа последните измени и веднаш ги пративме на превод, лектура не успеавме да извршиме и тоа е причината зошто некои членови не се поклопуваат.Таа грешка се провлече низ неколку раце и добро е, да, неколку мина што ја приметија, кога ќе земи збор некој да ги наведи грешките кои што ги видел да влезат во записник затоа што ако се провлекла до сега можно е да не се провлекува понатаму. Слободно занчи, наведувајте ги ,тоа е причината за несогласување на членовите, во средата ни стигнаа последните измени од работната група, но сега ќе им дадам првин збор на Гордана и на Горан, повелете!

**Гордана Дувњак:** Значи и за оние коишто е ова едно ново искуство и допрва се запознаваат со Иницијативата и за тие што знаат малку повеќе, мислам дека станува на сите јасно дека РЕКОМ претставува една од најзначајните и најамбициозни регионални постконфликтни Иницијативи што воопшто се појавила во овој дел од Европа и можеби затоа не треба да чуди и темелниот пристап којшто се применува во нејзината подготовка, тоа што се вклучени толку голем број луѓе и во изработката на Статутот и што постои еден таков широк консултативен процес. Меѓутоа мора да бидеме искрени и да кажеме дека токму заради големината на оваа Иницијатива, моќта што сама во себе ја содржи веќе наидува и на отпори кај дел од оние структури. Кога ова го велам не мислам на политички структури засега, туку кај оние структури коишто мислат дека се засегнати или пак се нарушуваат некакви нивни организациски принципи или зацртани агенди. Она што сакам да Ве уверам и Вас и веројатно и јавноста понатаму е дека на идејата мора да се гледа како на една благородна идеја која треба да доведе до една општествена катарза на Балканот и треба да ги увериме дека не се во право оние противници коишто мислеа дека станува збор за една

нереална амбиција којашто треба да претставува некаква супституиција на она што со години го работи Хашкиот трибунал или домашните надлежни органи или пак дека ќе задре во некакви сфери на интерес на некакви комисии за исчезнати лица или државни органи. Не, напротив една од амбициите и целите на РЕКОМ ќе биде токму соработката и потпомагање. Значи тоа е еден заемен процес, не е тоа однос на надредени и подредени туку партнерство.

Е сега да не должам многу веднаш ќе почнам со тоа кои се целите и задачите на Комисијата. Веројатно веќе имавте и можност да видите, меѓутоа основно е Комисијата да ги утврди фактите за воените злосторства и тешките кршења на човекови права направени на подрачјето на некогашна СФРЈ. Значи во земјите од поранешна Југославија и тоа во периодот, потенцирам, од први јануари 1991ва година до 31 декември 2001ва година. Ова посебно го потенцирам затоа што низ сите овие години, заклучно до сега постоеа многу размислувања дебати, кој треба да биде тој критичен период на којшто ќе се однесува мандатот. Многумина сметаа дека тоа треба да биде и многу порано за да можат да се откријат причините коишто доведоа до распадот на Југославија, меѓутоа сепак ова е таа рамка којашто е дадена во нацрт Статутот, а којашто ќе ги опфати сите конфликти на територијата на поранешна Југославија. Значи сега повторно ќе се навратам на она што беше дилема на господинот Змијанац. И покрај тоа што на почетокот се мислеше дека Комисијата треба да има мандат само да ги утврдува фактите од консултациите произлезе потребата тие сепак да се стават во политички контекст односно да се утврдат политиките и општествени околности коишто влијаеле при извршувањето на овие дела и последиците за да може да се откријат тие причинско последични врски бидејќи, самото редење на фактите во една низа ништо не значи само по себе доколку не се утврдат причините.

Која е втората многу битна цел на РЕКОМ? Тоа е да придонесе политичките елити и општествата на државите коишто се потписнички да ги прифатат фактите за воените злосторства и тешките кршења на човековите права. Зошто е ова битно? Токму за да го отстраниме оној момент дека секоја страна во конфликтот, секоја заедница си има своја вистина. Значи Комисијата ќе има амбиција да дојде до една генерална слика за тоа како се случиле некои факти на овие простори. Потоа рековме треба да придонесе во расветлувањето на судбините на исчезнатите, беше спомената една огромна бројка во текот на консултациите, на луѓе коишто во регионот сеуше се водат како исчезнати. И во Македонија ние сеуште не ја знаеме точната судбина на повеќемина исчезнати луѓе, дел од нив дури исчезнаа во оној период кога формално заврши конфликтот па дури и во тој меѓупериод после потпишувањето на Охридскиот договор и потоа процесот на разоружување. Значи такви случаи има и од едната страна и од другата страна и меѓу Македонците и меѓу Албанците. Семејствата и на едната и на другата заедница и на сите други заслужуваат конечно да ја дознаат вистината, без оглед на тоа каква е, меѓутоа имаат право на вистина. Тоа е она на што инсистираат семејствата и се залагаат и верувам и дека ќе ја поддржат оваа Иницијатива. Потоа, еден млад господин рече дека не го гледа помирувањето. Каде го гледам јас во целите на РЕКОМ помирувањето? Една од точките е, да се признаат неправдите нанесени на жртвите со цел да се изгради култура на солидарност и сочувство. Токму значи, овие два збора солидарност и сочувство навестуваат една потреба за една поголема општествена грижа за да не се повторат повторно вакви работи во иднина и Балканот конечно да се ослободи од тој

грд епитет што го носи години наназад ,па дури и длабоко во историјата на регион познат како буре барут. Потоа, Комисијата треба да придонесе во остварувањето на правата на жртвите. Значи оној момент што го нагласивме дека првенствена една од целите на РЕКОМ ќе биде да се насочи на правата на жртвите и исто така да придонесе во спречување на повторување на злосторствата и тешките кршења на човекови права. Сигурно забележавте дека дел од овие цели на РЕКОМ ќе бидат директни во надлежност во рацете на Комисијата, а другите ќе бидат индиректни значи посредни и нема да можат да се реализираат без поддршка и соработка на другите актери. Кога велам актери тука мислам на политички актери, на државни органи, на сите оние комисии, организации коишто и во овој изминат период, кај нас од 10 години, меѓутоа на просторите на бивша Југослаија и 15 години коишто работат на откривање на судбината на исчезнати луѓе. Значи не е тоа некој процес којшто ние или РЕКОМ ќе го почнува одново, туку ќе претставува некакво продолжение на иницијативите и напорите на регионот коишто и досега постоеле. Значи сепак, основните активности на коишто ќе се фокусира Комисијата ќе бидат утврдувања на фактите и јавните сослушувања, тоа е многу битен момент особено овој втор дел и затоа е многу важно, Комисијата да, она што го зборував во првиот дел, да зрачи со еден кредибилитет и непристрасност, затоа што само на тој начин ќе и се верува, а тоа ќе го може само доколку добие силен легимитет дека може да се справи со големиот предизвик. Во однос на другите општествени цели коишто се поврзани со расветлувањето на судбината на исчезнатите ќе има голема соработка со националните комисии и со меѓународната комисија којашто работи на исчезнатите лица.

Кои ќе бидат задачите на Комисијата? Значи и тука во овој дел Комисијата ќе има многу работа и широко поле на делување. Првенствено да собира податоци за случаите на тешки кршења на човековите права и воените злосторства, да даде детален опис за нив, да ги прикаже кршењата на правата и нивните последици. Потоа да собира податоци за судбината на исчезнатите, да соработува со надлежните тела кои во државите потписнички работат на барање на исчезнатаите. Она што е многу битно, да изработи попис на човечки загуби, на тој начин ќе ги отстраниме овие дилеми дали пресликано тоа во македонски рамки, дали ги знаеме само жртвите по име и презиме на македонската страна условно кажано или на албанската. Тоа ќе биде еден преглед претпоставувам којшто ќе биде обединувачки и ќе добиеме јасна слика за она што се случувало. Значи во тој дел ќе се направи попис на цивилите кои го изгубиле својот живот или исчезнале за време на конфликтот, меѓутоа и на борците кои исто така исчезнале или пак, настрадале. Потоа, Комисијата ќе има исто така задача да работи на собирање на податоци за местата на затварање за време на војната или за некои други облици на вооружен конфликт и да изработи сеопфатен попис и да ги одбележи. Потоа, да одржи јавни сослушувања за воени злосторстава и тешки кршења на човековите права, да препорача мерки кои се однесуваат на спречувањето за повторувањето на кршењата на човековите права и на репарациите за жртвите и она што е многу битно, а тоа е да изработи објави и претсави еден завршен извештај којшто ќе биде извештај за целиот регион по дражави, кадешто може значи точно да се види, да се добие една појасна слика за она што се случувало и за жртвата. Значи веќе кажавме дека тоа што РЕКОМ ќе  се ангажира за собирање податоци за судбината на исчезнатите не значи дека Комисијата ке ја замени работата и ќе ги превземе овластувањата на соодветните комисии за барање на исчезнатите лица туку

напротив ке ги охрабри, ке охрабри многу луѓе, многу организации коишто од најразлични причини можеби во рамките на својата заедница, на својата земја не можеле да изнесат некои податоци тоа да го направат на регионално ниво кадешто ќе има и размена на податоци од регионот којшто можат да бидат корисни за да се добие една целовита слика на она што се случува. А ќе видите од понатамошното излагање на колегата, веројатно и прочитавте во материјалот, регионалната Комисија ќе биде со седиште во Сараево, така е барем замислено, тоа да биде Босна како држава којашто најмногу претрпе во човечки жртви за време на воениот конфликт, а меѓутоа сите држави ќе имаат свои претставници во таа Комисија.Точно ќе се утврди, значи околу тоа што значи жртва и дали лицето било жртва, макар што, да признаам тоа ќе биде многу тешка работа, бидејќи според некои податоци регионот се соочува со најмалку 130 000 случаи на изгубени животи во воените активности. Потоа, сосема накратко, за да има повеќе простор за дискусии, кои ќе бидат овластувањата на Комисијата? И во овој дел се предвидени многу широки овластувања, бидејќи само на тој начин тоа ќе биде релевантна Комисија, бидејќи доколку парцијално се занимава со некои работи нема повторно да се оствари целта. Значи Комисијата ќе има право и обврска да зема податоци, изјави за воени злосторства и тешки кршења на човековите права, за нејзината недлежност од жртви, од сведоци, од сторители и други лица коишто се сметаат како релевантни коишто можат да дадат сознанија потребни за овој процес. Во Статутот точно ќе биде определена постапката за земање на изјави како и процедурата за натамошно постапување која што нема да биде надвор од закон, туку напротив усогласена со одредбите од Законот за кривична постапка на домашните земји. Потоа, Комисијата ќе има можност во Статутот тоа е јасно определено и прецизирано на кој начин ќе можат да се собираат изјавите. Тоа ќе биде во местото на живеење или престојување на лицето што дава изјави, во канцелариите на Комисијата во амбасади, во конзулатите на државите потписнички, во трети земји, што значи една широка можност да се дојде до вистината. Комисијата исто така ќе има овластување да собира документации од други извори, меѓутоа она што е многу битно е тоа да бидат релевантни и потврдени и тоа значи можат да бидат релевантни пишани, електонски, материјални извори. Извор на документи ќе биде документацијата на меѓународните и домашните институции и организации, затоа што претпоставка е штом државите членки ќе се обврзат и ќе го признаат легитимитетот на Комисијата тоа значи дека во старт ќе соработуваат и ќе ја дадат на располагање документацијата којашто ја поседуваат. Потоа, извор на право ќе бидат и странските домашни и пишани извори, одлуките на судските пресуди од домашното законодавство од транскрипции  судски списи на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија. Значи и покрај тоа што во овој дел Македонија има скромно искуство да кажеме во овој дел Босна е отидена многу далеку и таму судот за воени злосторства работи на многу случаи. Деновиве во разговор со еден наш обвинител, тој искажа вчудоневиденост кога му бил презентиран бројот на предмети од неговите колеги од Босна, којшто одговара на вкупниот дел на кривичните дела коишто ние воопшто ги имаме во Македонија, меѓутоа тоа не е пречка за нашите органи да соработуваат во тој процес.

И значи да го заокружам ова мое излагање,тука ќе биде вклучена и ќе биде земена во предвид и сета друга архивска граѓа која што сме ја имале во изминатиов период, било тоа од пишани, електронски, медиумски извори, фотографии, видео, аудио записи, она што го работеле голем

број невладини организации, институции, во овој дел значи сето она што може да биде корисно и да помогне за да се добие што е можно поцеловита и појасна слика за она што се случувало.

Тука јас ќе го завршам мојот дел, значи му го давам зборот на мојот колега Горан Талески. Потоа кога ќе завршиме со оваа куса презентација ќе Ве молам, значи сите Вие коишто од ова излагање ќе добиете инспирација да зборувате или сте имале можност да го прочитате Статутот да се вклучите со дискусија. Би било многу корисно за нас како координатори во овој процес, доколку не ви претставува тешкотија дел од вашите забелешки да ни ги испратите на адреса на Мировна Акција во електронска форма, во пишана, значи сето она што може да користи за понатаму, за да може да бидеме поподготвени за она што допрва не очекува. Благодарам!

**Горан Талески:** Фала Гордана!

Јас ќе покушам да се задржам на некои членови коишто сметам дека треба да бидат спомнати, но отпосле во дебатата не мора да се задржиме само на тие членови, слободно, го добивте пред неколку дена нацрт Статутот ако имате и за некоја друга точка исто така за дебата односно друг член од нацрт Статутот слободно.

На почеток сметам дека е многу значајно да се каже дека е ова уникатна работа во светски рамки. Мислам, досега имало повеќе комисии за утврдување на вистината за транзициска правда, за соочување со минатото, но никогаш немало меѓудржавна комисија. Значи во случајов би биле вклучени седум држави коишто би требало во еден момент да потпишат една изјава со којашто изјава на една значи основачка конференција би се основала оваа Комисија. Сепак Комисијата, основањето на самата Комисија треба да ја ратификуваат парламентите во сите овие земји. Ова значи, со самото тоа мислам, покажува колку долг и тежок процес следи. Она што сметам, значи **член 2** ја дава самата дефиниција на Комисијата којашто е многу значајна. Значи регионалната Комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права на подрачјето на некогашна СФРЈ е меѓународна организација основана со правен акт, значи нацрт Статутот е правниот акт. Истиот треба, самиот нацрт Статут на крајот договорен, да го ратификуваат парламентите на сите овие земји. **Член 6** го дава периодот на делување, исто така многу значајно. Периодот на делување на Комисијата е вкупно три години, максимум значи може уште 6 месеци да се продолжи работењето на Комисијата и би имало некој подготвителен период од 6 месеци на самиот почеток. Зошто е одбран овој период од некои три години. Сите успешни комисии за утвдување на вистина, на факти зборувам сега, Истоичен Тимор, Сиера Леоне, Јужна Африка, значи некои 10, 12 примери коишто се користени при изработката на овој нацрт Статут, оние комисии коишто биле успешни имале период помеѓу една до кај три години, значи не повеќе. Целта е значи да не се издолжуваат во некој недогледен период и да се едноставно да се задржи фокусот и вниманието на регионалната јавност и затоа имаме период од некои три години. Битно е тоа дека Комисијата самата ако почувствува дека не ја завршила работата во овие три години, значи самата го продолжува мандатот на уште 6 месеци, нема парламентите одново да гласаат за таа работа. **Членот 9** дефинира, кој има право на учество во работата на Комисијата и вели „секој има право во согласно со Статутот да учествува во работата на Комисијата ако Комисијата процени дека таквото учество ќе придонесе за остварување на

нејзините цели“. Значи целта е Комисијата да оствари, да овозможи простор, сите лица коишто имаат сознание или пишани документи, граѓани, правни лица вклучувајќи ги и самите државни органи да едноставно се охрабрат и да ги достават овие документи и да сведочат, да им биде земена изјава се со цел да се придонесе за утврдување на фактите. **Членот 11** ги дефинира обврските на, државите потписнички, за соработка со Комисијата па вели во ставот 1: „сите органи на власта во државите потписнички се должни да соработуваат со Комисијата и да и овозможат делотворно извршување на задачите во согласност со статутот“. Овој **член 11** има и повеќе други членови. Значи што е целта? Целта е ако државите се обврзле и го потпишале нацрт Статутот институциите во тие држави значи судовите, полицијата и останатите институции да не прават опструкција при извршувањето на задачите на Комисијата. Значи Комисијата ако има потреба од некои информации да и станат достапни во најкраток можен рок, оти рековме 3 години е максимум, ако то се одолговлечи мислам, Комисијата нема да ја заврши работата. Ако државите се обврзале дека ќе соработуват и го потпишале нацрт Статутот тогаш треба и на дело да ја покажат таа соработка, значи **членот 11** ги дефинира отприлика тие работи. Јас само спомнав став 1, а има тука повеќе значи ставови, дури и различни алтернативи за некои од нив. Исто така, интересна, односно клучна работа е надлежноста на Комисијата, дел 5. Гордана ја спомна временската надлежност, а во **членот 15** е дефинирана кои дела се во надлежност на Комисијата. Овој член мислам доста се менуваше во текот на времето, ова е значи актуелната верзија Комисијата ги утврдува фактите во врска со кривичните дела против човечноста и меѓународното хуманиотарно право како и фактите во врска со други тешки кршења на човековите права. Значи ова е надлежноста на Комисијата. Е сега јас би се префрлил на областа на изборот на членови на Комисијата и како ова би одело. Само да видам како сме со време. Комисијата ќе биде составена од 20 членови и членки, ова е **член 22**. Од Босна и Херцеговина ќе бидат одбарни 5 членови и членки, од Хрватска, Косово и Србија по 3, од Црна Гора, Македонија и Словенија ќе бидат избрани по 2 членови или членки. Комисијата има значи 20 членови, е сега од искуство од овие другите комисии максималниот број на членови на успешните комисии бил 17. Има специјални случаи на комисии во Германија коишто имале многу членови, но тоа се парламентарни комисии и не се од овој тип. Еве сега зошто на пример Босна и Херцеговина 5 членови, Македонија 2 члена, Србија 3. Значи целта е некако да се одрази јачината на вооружениот конфликт во овие држави и исто така земајќи ја во предвид и бројот на жртвите во овие земји и затоа е земено значи Босна и Херцеговина да има 5 како земја во која што имаше најмногу жртви. Исто така, влијанието на Србија и на Хрватска во овој вооружен конфликт беше значително, мислам затоа имаат и по три, исто така и на Косово. Реално во Македонија и Словенија имаше најмалку жртви и конфликтот беше најкраток. Црна Гора беше вклучена во војната и во Хрватска и во Босна и Херцеговина, но на нејзина територија ако добро знам немаше вооружени судири. Исто така, се бара членовите на Комисијата да бидат државјани од овие земји, значи не можат странци да бидат дел од Комисијата. Странци можат евентуално да бидат советници во извршниот, во Секретаријатот на Комисијата, значи во техничкото тело.

**Членот 23** ги утврдува критериумите за членови, членки на Комисијата. Знам дека за ова доста се дебатираше на Форумот во Загреб. Кои можат да бидат членови или членки:

- државјанин/државјанка од државите потписнички;
- лице со високо морални квалитети интегритет и углед посветено на толерантен дијалог и конструктивно решавање на споровите коешто може да ужива доверба во сите држави потписнички и
- лице психофизички способно за ефикасно и континуирано извршување на должноста член/членка на Комисијата.

Ставот 2 вели дека државата потписничка избира најмалку една жена односно најмалку еден маж за член/членка на Комисијата. Значи ако Македонија има 2 члена еден треба да биди маж или една жена. Значи еден маж ќе има и една жена . Ставот 3 дефинира дека ќе се настојува да се обезбеди етнички репрезентативен состав на Комисијата, значи така што освен припадник/припадничка од најбројната етничка заедница треба да се настојува да избере и еден/една или повеќе припадници/припаднички од другата етничка заедница односно други етнички заедници во таа држава потписничка. Ставот 4 дефинира кое лице не може да биде член/членка на Комисијата кое извршувало политичка функција во последните 2 години пред распишување на конкурсот за избор на членови/членки на Комисијата или во време кое опфаќа надлежноста на Комисијата. Значи ова се мисли, овие 10 односно 11 години....Па прецизирано е, мислам, 1ви јануари 1991ва до 31ви декември 2001ва е периодот на надлежност на Комисијата. Точката **б**) вели кој не може да биде член на Комисијата: лице кое е или било професионален припадник на воени полициски, разузнавачки и други безбедносни структури, значи кое е и било и под **в**) за кое постои сериозно сомневање дека е одговорно за кршење на човековите права итн. Значи тоа се критериумите според кои ќе се избираат членовите на Комисијата.

**Членот 25** ги дефинира како оди постапката за кандидирање.

Членовите на Комисијата како ќе бидат одбрани? Членовите на Комисијата рековме се одбираат на национално ниво од избирачки одбори коишто се на национално ниво. Избирачките одбори се составени од 9 членови/членки, **членот 26** ги дефинира овие работи, коишто, мислам, критериумите за избор е ист како и членовите на Комисијата освен забраната за политичка функција. Членовите на избирачките одбори се значи, тројца членови ќе делегира Коалицијата за РЕКОМ на национално ниво, тројца членови ќе делегира министерот за... во нашиов случај би бил за правда, во согласност со Комисијата за меѓуетнички односи или советот за меѓуетнички односи мислам се вика, не, Комитетот да, за меѓуетнички односи, значи во соработка, од овие 6 членови на избирачкиот одбор тие меѓусебе треба да се договорат и да ги одберат наредните три члена на избирачките одбори. Пожелно е овие 6мина, мислам, да се договорат со консензус за останатите тројца членови или членки на Комисијата, но ако не можат да се договорат тогаш се избираат со мнозинство од 5 членови, од овие 6, 5 ќе треба да гласаат за да се одберат последните 3 члена или членки на избирачките одбори. Избирачките одбори се оние кои ги разгледуваат кандидатурите за членови на Комисијата, тие се оние кои на почеток го распишуваат конкурсот за избор на членови на Комисијата и од сите доставени кандидатури за можни членови на Комисијата одбираат два до три пати поголем број и овој број на Македонија, на пример двајца треба да има од Македонија, значи до претседателот на државата доставуваат список од 4 до 6 потенцијални членови на оваа регионална комисија од Македонија. Претседателот на државата

во нашиов случај и во останатите значи држави освен Босна и Херцеговина, финално ги одбира овие двајца членови на регионалната Комисија. Сега не знам дали бев доволно јасен, мислам се надевам.

Она што е многу значајно во **член 28** е дека претседателот ги одбира значи овие двајца, но во став 2 вели дека „претседателите, претседателството од државите потписнички ќе се информираат едни со други за својот избор 30 дена од денот кога избирачките одбори им ги доставиле листите со кандидати пред да ја информираат јавноста за ова“. Што е целта овде? Целта е овде на некаков дипломатски начин, значи без кревање многу врева претседателите меѓусебе да искомуницираат во случај за некои од кандидатите, некоја од државите да смета дека не се пожелни, бидејќи Комисијата треба да ужива потполна доверба во сите овие земји, а тоа ќе биде ако нема отпор од било која земја кон некој кандидат од некоја друга земја. Значи ова е начинот којшто се предвидува со овј нацрт Статут.

Интересен е **членот 31** малку збунувачки, треба да се подобри, го дефинира кворумот и одлучувањето на Комисијата. Ставот 1 вика дека кворум за работа на Комисијата изнесува 14членови/членки од овие 20, а ставот 2 вели Комисијата настојува сите одлуки да ги донесе едногласно односно консензус, но ако не може, се одлучува со тоа што 14членови или членки треба да гласаат за некој предлог. Овде малку конфузно, од 20, 14 да гласаат ЗА. Грешка е овде, значи двосмислено е. Значи овде не се мисли, во ставот 2 дека ако 14 се собрале и 8 гласале ЗА дека предлогот е усвоен. Значи треба да се доформулира дека со минимум 14 гласа ЗА се усвојува некој предлог, ме разбирате или... Зошто, од 20 членови 14 мора да гласаат ЗА за некој прдлог за тој да биди усвоен....ако тие две ако се соберат минимално 14, сите 14 мора да гласаат ЗА. Само момент, значи минимум за да има кворум за работа се 14, за некој предлог да се усвои исто 14, значи ако се соберат само 14 сите мора да бидат ЗА за предлогот да биде усвоен. Ова е последната верзија, грешка е уште во српската. Да јас и ви кажувам вториот став во моментов не е изменет. Ако има 20, ако дојдат значи сите, во тој случај мислам 14 треба да гласаат ЗА, само да завршам уште кратко.

**Гордана Дувњак :** Тогаш тоа значи покажува дека треба да се допрецизира овој член.

**Горан Талески:** Да, значи целта е да нема надгласување, работата е да се донесат одлуките заеднички.

Само накратко за структурата на Комисијата. Освен самата Комисија имаме и извршен секретаријат со тематски одделенија на Комисијата. Сите тие ќе бидат сместени во централната канцеларија во Сараево. Извршниот секретаријат има задача да дава техничка, административна и оперативна поддршка на членовите на Комисијата. Исто така, ќе бидат оформени оддели на Комисијата во државите потписнички, **членот 39** и завршувам со **членот 41** којшто се однесува на финансирањето на Комисијата. Значи предвидено е Комисијата да се финансира од буџетите на државите потписнички и од донации, дали домашни или меѓународни. Значи ова е предлогот. Има и други битни членови, но ова е тоа нешто што е одвоено, значи слободно за коментар.

**Боро Китаноски:** Благодарам на Гордана и на Горан. Повелете во дискусија. Само да Ве предупредам дека до три часот мора да завршиме.

**Страшо Глигоров:** Благодарам, Страшо Глигоров од Здружението „Достоинство“.

Вака пред се би сакал да кажам дека извршниот одбор на Здружението „Достоинство“ ги разгледа материјалите што беа доставени, многу внимателно, многу сериозно, дава голема поддршка над сета активност и има високо мислење нели за сета оваа активност која е планирана и која е во тек да се реализира.

Ќе бидам карток, по однос на документот имаме одредени наши сугестии и видувања, мислам дека има одредени технички грешки, дали се испуштени намерно. Пример во **член 47** став 3 каде пишува се применуваат одредбите од член 15, мислам дека тоа би требало да биде **член 16** или сум грешка. Може да се провери, да, има такви грешки и сметам дека при донесувањето на ваков документ треба малце време, внимание и енергија, и би било, моја препорака е да во електронска верзија ги доставиме нашите сугестии и видувања. Здружението „Достоинство“ сите свои човечки ресурси кои ги има ќе ги стави на располагање во организацијата на овие програмски цели. Би сакал само тука да истакнам бидејќи и сметаме дека ове е еден да кажам мултидимензионален проект кој опфаќа многу аспекти подрачја сложени и да кажам проблеми и сметаме дека и наша препорака е да сите учесници кои ќе бидат во овие тела и комисии, треба да работат без некои да кажам предрасуди или да кажам малце поостро фрустрации, но ние сметаме, лично само би напоменал дека во делот на кадешто се лимитира можноста да бидат членови припадници и на безбедносните служби, сметам дека е тоа е контрадикторно по однос на прашањето кадешто при селекцијата на овие кадри треба да пред се треба да се имаат високи морални вредности и мислам дека тука малце е нанесена една неправда бидејќи сметам дека во овие служби имаме ние личности кои се високи професионалци коишто ги преценилe, ги почитуваат законите, меѓународни и домашни. Благодарам.

**Боро Китаноски:** Благодарам, следен е Бинго.

**Предраг Петрушевски Бинго:** Еве по вторпат се јавувам по забелешка, за начин на усвојување на предлози со 14, 14. Комисијата по овој Статут кога би се формирала би броела 20 членови. Значи од секоја држава членка има по 5, 3, или 2 члена така, што ќе се случи ако по некој предлог за истрага или верификација на факти, таа една земја членка не е задоволна и се случува едноставно занемарување на тој став со изгласување на заедничка одлука во име на таа земја од 14 други кои можеби не сакаат да излезат во пресрет на спротивставените барања по тој хипотетички момент?! Тука е голем дефект и тука по мое лично убедување ќе настапат огромни проблеми приликом вистинско верифицирање на овие факти. На пример, пластчно, од Хрватска не сакаат да се истражуваат за некои или не сакат да дадат согласност членовите на оваа Комисија за некои факти кои се изнесени, доаѓа Комисијата, хрватските претставници не се согласуваат, овие ги надгласуваат и излегува како став на целата Комисија. Во тој случај ќе имате огромен проблем. Благодарам!

**Боро Китаноски:** Благодарам, се извинувам Горан сака кратко да прокоментира.

**Горан Талески:** Да, кратко. Значи целта е членовите на Комисијата да не делуваат во својство како претставници на своите држави. Тие се лица кои би требало да се водат од критериумите и од целите и задачите на Комисијата, но заради јавноста и заради гледањето на јавноста и во старт направено ова колку од која држава за да се задоволи целиот тој принцип. Не велам дека таквата ситуација не е можна, а исто го имам тој страв дека ако дојди до такво нешто, до надгласување по држави дека од работата на Комисијата нема ништо да биди, оти тоа ќе излези во јавност. Во ред е, како предлог ќе го запишиме, така со консензус да се носат.

**Боро Китаноски:** Само ве молам заради записник, нема да влези тоа што не е во микрофон, заради техничките можности, се снима. Повелете Цаца Николовска.

**Маргарита Цаца Николовска:** Маргарита Цаца Николовска, поранешен судија на Европскиот суд за човекови права и претседател на советодавниот одбор на Институтот за човекови права.

Јас ќе се обидам накратко да презентирам нешто коешто веројатно би можело да се корегира или да се обрне внимание и на сите оние други коишто ќе доставуваат во електронска форма одредени свои видувања, а тоа секако ќе го направи и Институтот или може да се случи заради текот, заради времето. Јас не знам колку време има за доставување на овие забелешки, да добијете исклучиво само од мене одредени согледувања. Значи ако почнеме од првиот дел кадешто нели, тешки кршења за човекови права вклучува и наведени се доста работи за коишто смета Комисијата дека се тешки кршења на човековите права без да се има во предвид силувањето коешто во овие простори играше и мислам дека игра голема улога во утврдување на овие тешки кривични дела, за да понатаму некаде во делата зад коишто треба да постапува, дела во надлежност за Комисијата, велите дека Комисијата ги утврдува фактите во врска со кривичните дела против човечанствата и меѓународното хуманитарно право како и фактите во врска со други тешки кршења на човековите права. Ако ова други тешки кршења на човековите права, се мисли во овој дел, тогаш мислам дека овде силувањата треба да бидат внесени.

Спомнавте дека во делот за дефиницијата за регионалната Комисија произлегува дека тие треба да бидат ратификувани од националниот парламент. Мислам дека тоа не произлегува, и ако веќе е интенцијата тоа да стои и во Статутот, тоа некаде треба да најде место. Па у Преамбулата баш и не произлегува така, заради тоа што велите свесни, мислам кога ќе ја читате Преамбулата не произлегува дека треба да бидат верификувани од парламент, ако треба да бидат од парламенти тогаш треба да се нагласи тоа. Токму заради обврските на државите, да знаат во која насока треба да се движи таа верификација. Период на делување, тука е одредено три години, јас немам образложение зошто е три години, меѓутоа мислам дека ова овдека би можело да претставува проблем имајќи во предвид дали на некој начин е тоа доволно време во делот каде што државните органи ќе ги даваат своите известувања. Да не се доведат во ситуација луѓето коишто ќе работат таму, заради одредени еве да кажам можеби објективни пречки, нема да ги добијат тие информации, па ќе се доведе во состојба да едно одредено дело за коешто постои, на некој начин одредено сомневање, не може да се третира. Во делот принципи на работење на Комисија, мислам дека посебна заштита на жртвите од сексуална злоупотреба и лица кои биле малолетни во периодот кој го опфаќа мандатот на Комисијата не е принцип. Тоа е нешто коешто може да се

стави во цели или може да се стави во делот на она што е задача или во делот на одредувањето на тешките кривични дела за коишто се зборува во понатамошните членови. Во **членот 12** кај целите можеби да треба на некој начин малцe подетално или барем во образложенијата да се стави како тоа ќе се постигне, да допринесе политичките елити и општествата на државните потписнички да ги прифатат фактите. Јас се прашувам на кој начин ќе се допринесе тоа, дали преку јавни известувања, мора на некој начин да има малцe барем според мене поопиплив начин како тоа прифаќање би се правело. Да придонесе во расветлување, тука мислам, јасно е факти, истражува, презентира итн. Да се признаат неправдите, од кого да се признаат неправдите, и кои неправди, неправдите можеме да кажеме дека произлегуваат од утврдените факти па ќе го врземе за фактите, меѓутоа признавањето треба да се врзе за нешто кое што навистина ќе донесе до признавање. Да придонесе во остварувањето на правата на жртвите, можеби да треба да се размислува во некој член да се стави кои би биле права или да се стави на кој начин би се овозможувале остварување на тие права на жртви. Дали би било тоа пружење на правна помош, понатаму од страна на одредени органи, дали на државата, дали на Комисијата, преку одредени материјални штети, нематеријални штети за да видиме како, на кој начин тие ќе бидат обештетени заради тоа што ако земете во секоја меѓународна правна регулатива постојано се напоменува дека, било кој правен лек треба да биде ефикасен и ефективен во онаа смисла, да се ремедира состојбата, да се казни тој што го направил тоа дело и да добие некој надоместок, некаква сатисфакција. Ако сето тоа го подведеме во остварување на правата можеби да треба и тука тоа малцe да се елаборира. Да придонесе во спречување на повторување на злосторства и тешки кршења на човекови права, повторно е повеќе вака декларативно отколку на некој начин обврзувачки, да се каже на кој начин ќе придонесе, значи или овдека некако да се изелаборира или во оној дел којшто е прв дел од овој нацрт Статут каде што ќе се одредуваат значењата на поимите на овој Статут или евентуално да се каже деловник, правилнк понатаму којшто ќе биде предмет на, врз основа на којшто Комисијата ќе работи, тука малцe да се презентираат остварувања на овие цели и задачи. Во **членот 13** мене не ми е јасно, овдека вели „да се собира податоци за случаите тешки кршења на човековите права, воени злосторства, да се даде детален опис за нив, да ги прикажи обрасците“. Да ги прикаже тие во обрасци да, не знам што е, дали е тоа веројатно некоја грешка печатна, јас лично не го разбирам. Понатаму доле во **г)** вели „да собере податоци за местата на затварање“, кои места на затварање, кој се затвара, како се затвара, жртвите ли се, па не знам затоа велам, можеби да станува збор за некоја техничка да речам.Местата на затварање, ја мислам дека тоа повеќе се мисли на оние жртви коишто ги ставаа во логори, коишто... Е па не знам, не знам како е оригиналниот превод за да можам да да го коментирам. Јас реков кратко, нема да одам во оние малцe што се по можеби не суштествени, меѓутоа еве кај јавни сослушувања на жртви и други лица, **членот 19** точка 2 јавните сослушувања ги опфаќаат и сторителите на делата кои имаат карактер. Тука е многу дискутабилно како тие сторители на дела прво ќе се натераат да зборуваат, а второ кој ќе утврди дека се тие сторители виз а ви принципот на пресумпција на невиност. Значи, овде мене ми е оставено вака малцe празно. За време на јавните сослушувања Комисијата може да ги примени мерките за заштита на идентитетот, и ова ми е малцe контрадикторно, ем јавно сослушување ем заштита на мерка на идентитет. На кој начин тоа ќе се врши, дали јавното сослушување може да примени мерки за заштита на идентитетот, идентитетот не интегритетот, подоле е интегритетот, како и посебни

мерки за заштита на психичкиот и физички интегритет. Сега понатаму овде збори електронски медиуми итн така да, мислам, ако е јавно тогаш треба да се ...

**Лулзим Хазири:** Сигурно е преводот

**Маргарита Цаца Николовска:** Не знам, мислам, јас затоа велам...

**Лулзим Хазири:** Зашто на албанската верзија е интегритет и тоа има повеќе смисла.

**Маргарита Цаца Николовска:** Не знам, не, зошто после следи - како посебни мерки за заштита на психичкиот и физичкиот интегритет. Значи подоле зборува за интегритет.

Ајде малце нешто околу составот на Комисијата, вообичаено кога се прават состави на комисии по брооеви, еве ние имаме овде и политичар, може да каже дека секогаш се оди на непар. Овде малце се оди на пар и можеме да дојдеме до некоја непосакувана состојба и покрај тоа што се бара консензус. Меѓутоа мислам дека начинот на којшто ова би се исправило или да се покачи бројот на Босна, Хрватска, Косово и Србија со тоа што последните овие Македонија, Црна Гора и Словенија би добиле по три, па целокупниот број би бил непарен или Комисијата којшто го прави Статутот да размислува во таа смисла.

Критериуми за избори, вели „лице психофизички способно за ефикасно и континуирано извршување на должноста“, кој го утврдува тоа и на кој начин ќе биде тоа тестирање, ова е малце како да кажам, нејасно, не е прецизно. Јас сега можеби малце сум уште под импресија на она што е за судиите како ќе се врши оној тест, за којшто пред два три дена се зборуваше, па одма ми се постави ова прашање, кој ќе одлучува и како ќе го утврди ова. Имаше во **членот 4** во време кое опфаќа надлежност можеби тука малце да се дообјасни времето само кое го опфаќа. Во точката **в**) вели „лице за кое постои сериозно сомневање дека е одговорно за кршење на човековите права“. Тоа малце сериозно сомневање повторно, јас се извинувам јас сум поранешен судија па можеби многу судиски ги гледам овие работи, меѓутоа за интегритетот и за достоинството и за правилното работење мислам дека можеби ова сериозно сомневање малце да се или да се најде некој друг термин или да се појасни. Кандидирање на членови, здруженија на граѓани итн. Дали ова значи дека поединец сам не може да се пријави на тој јавен конкурс ако е конкурс воопшто, не е ни предвидено како ќе оди ова кандидирање. Дали се прави разлика или може и поединец самоиницијативно да се пријави на тој конкурс, ако е конкурс велам, зошто вели, „здруженија на граѓани итн можат да предложат“, значи прво велат можат, дали се остава простор и за друг некој или е исклучиво да кандидатирањето на членови се врши преку на начин на којшто овде е објаснат и во **членот 28** избор на членови/членки, претседателот итн го прави конечниот избор. Што ако тој конечен избор, пошто е на претседател на држава, не одговара на овие критериуми коишто се претходно наведени и точката **2** дека „претседателите се информираат едни за други во својот избор 30 дена од денот кога избирачките одбори им ги доставиле листите со кандидати пред да ја информираат јавноста“. Можеби да треба да стои во дел пред избор, значи откога веќе е добиено известување контактите меѓу претседателите да биде пред главата кај што стои дека претседателот го врши конечниот избор, некако ми е нелогично да има конечен избор, а после да се зборува за комуникација помеѓу претседателите во државите.

Кворумот на работа на Комисијата изнесува 14, јас исто тука сум ставила да е непар. Меѓутоа не мора да значи дека би требало да е непар и покрај тоа што мислам дека баш заради гласањето повторно треба да има можност ако се задржи ова да стои мнозинство од 14 членови, значи да биде непарен број каде што мнозинството ќе може да се одреди на ваков начин, ако имаме седум седум тешко да можеме да зборуваме за некое мнозинство. Ова вака на кратко макар да има уште нешто друго со оглед на тоа да мислам дека секој требе нешто да каже овие забелешки ги имате ако има потреба можам да ги повторам или да дополнително во електронска верзија. Благодарам!

**Боро Китаноски:** Јас Ви благодарам. Само малку (...)

**Учесник:** (...) оти не сме сите стручњаци за да можеме во детали да го разработиме овој нацрт Статут, да кажеме повеќе се овде невладини организации и секој поодреден став во врска со тоа, а околу работата и некои други работи.

**Боро Китаноски:** Ќе ви дадам збор само оставете (...) во ред сфатив. Благодарам, балгодарам на забелешките ова е многу корисно.

Горан сака да појасни нешто, меѓутоа само да потсетам дека дозволувам појаснување, но не и бранење на овие членови.

**Горан Талески:** Целта е на овде што се собравме да се подобри нацрт Статутот. Од самите реченици во нацрт Статутот не може понекогаш да се долови самата суштина, можда ние оти подолго сме во целиот процес па низ дебати.

За **член 12** рековте точка **б)** дека политичките елити на државите треба да ги прифатат овие работи. **Член 46** ги дефинира тие работи дека завршниот извештај ќе биде разгледуван на политичко ниво, од владите, парламентите коишто ќе дадат одговор на завршниот извештај. Ако го прифатат мислам ќе треба да ги следат препораките, значи ова е во сегашнава состојба.

**Член 13 а)** рековте обрасците, да, овде точно не е дефинирано, се мисли за ...ајде Македонија е помал случај ама загинати и жртви генерално на просторите на екс ју земјите имаше многу, само 130 000 загинати, а жртви има многу повеќе. Комисијата нема да може да стаса во овие три години да ги испита сите овие случаи ама можи да се фокусира на обрасците, на правење на некакви работи, злосторства ќе утврди образец да речиме дека ако некаде некој иселува некое население од етничка група од сите села да речиме во некоја област, тоа е образец на однесување на една група. Образец, разбирате мислам, патерн на англиски, шаблон, може да се пополни на различни начини, значи не да го бранам туку само да појаснам можда некој друг збор е посоодветен.

Сакав да кажам за **член 19** е многу занчајно, јавните сослушувања ги опфаќаат и сторителите, ова е многу значаен член. Еден дел од сторителите се веќе процесуирани во Хаг или во националните, специјалните судови Ако овие сторители дадат некои нови информации, каде има некоја гробница, мислам, каде има некои луѓе закопано, значи такви работи. На Комисијата од

исклучително занчење и е, да ги сослуша и сторителите, дури и да препорача накакво намалување на казната. Ова зборувам, еден дел од овој консултативен процес што се зговара или што се мисли, мислам дека е клучното. Оваа Комисија треба да се фокусира на жртвите, некако да најди сатисфакција, а за многу од нив е да се најдат каде се закопани нивните најблиски, ова затоа е тука ставено.

**Гордана Дувњак:** Само две реченици, процедурално.

Да не заборавиме, значи јас и покрај тоа што немам моја вина ќе Ви се извинам за чистотата на текстот, нагласувам дека не е лекториран и доколку се создадат некои нејаснотии тоа не значи дека во основниот текст така е.

Второ во сите овие месеци, значи нацрт Статутот бидејќи е жива материја беше подложна на многу алтернативи, варијанти, промени, така што некои дилеми коишто тука се наметнаа, се искристализираа како решение, бидејќи се производ на компромис. Еве на пример, од она што јас можев да го видам од тие два последни состанока на коишто присуствував, еден од најголемите камени на сопнувања беше, кои дела се во надлежност на Комисијата. И во претходната верзија беа таксативно наброени, па имаше големо спротивставување на колегите од Босна коишто инсистираа и геноцидот да се вклучи и дури се заканија со блокада доколку не се вклучи. Значи компромисното решение го имате сега, а тоа е да не се навлегува со набројувања само и само за да може овој процес да продолжи.

Исто така и околу составот на Комисијата, во претходната верзија имаше една друга алтернатива, бројот на членови да биде 21 со, на тој начин што секоја држава би партиципирала со еднаков број на членови, меѓутоа во ова верзија и во овој момент е ова решението коешто е понудено, што не значи дека до моментот на усвојување ќе останат овие решенија.

Јас ви благодарам за конструктивноста, меѓутоа ги имам предвид сугестиите на другите учесници коишто навистина некој од нив можеби и немале можност во детаљи да го погледнат нацртот, па да им дозволиме Боро да се вклучат со дискусии. Повторно значи ќе апелирам како и претходно, во електронска форма да ни ги понудите мислењата. Благодарам!

**Боро Китаноски:** Благодарам. Следен на список ми е Вулнет, повели!

**Вулнет Зенки:** Јас би сакал да го поздравам овај собир. Ова е една многу добра Иницијатива, треба да имаме предвид дека во Република Македонија постојат повеќе орагнизации и треба да се земе предвид ставот на останатите организации.

Имам едно прашање до организторот, значи кон Боро и Горан, но и останатите од бордот. Што бидна со Иницијативата од СОРОС и од останатите организации, дали тие се повлекоа или сеуште и тие се дел, активен дел од оваа Иницијатива? Ви благодарам!

**Боро Китаноски:** Иницијативата бараше партнери во Македонија некое време. Првите консултации ги организираа ФИОМ во соработка со ИРЗ од Тетово требаше да биди формално. Како се случи? Во овој момент ФИОМ не се повлечени, меѓутоа формално никогаш не ни беа

членка. ИРЗ исто така не станаа членка, ова беа практични прашања коишо се решаваа во од, затоа што требаше партнер во Македонија кој што ќе ги организира првите регионални консултации. Во периодот кога се организираа првите регионални консултации коишто ги работеа ФИОМ и ИРЗ, уствари ФИОМ на крајот реално ја сработи целата работа парктично, немаше ниту еден член од Македонија, така да не е, затоа ми е тешко да ти одговорам, не беше ова во смисол да некој прифати членство, па заради некоја причина се повлекол, туку ова беа практични работи кои што се решаваа во од, заради практични потреби на организација и во тој смисол. Денес имавме, сега замина, имавме присуство од ФИОМ, Јасмина Најдовска. Имаме членка на бордот на ФИОМ.

**Гордана Дувњак:** Ако можам да помогнам.

**Боро Китаноски:** Повели.

**Гордана Дувњак:** Јас сум претседател на бордот на Фондацијата СОРОС. Тука е и госпѓата Цаца, која е член на ФИОМ, што значи ФИОМ е тука присутен, го поддржува проектот. Во моментот значи не се официјална членка што не значи помнатаму дека нема да се приклучи, целата оваа коалиција, за тоа ќе биде донесена одлука. Меѓутоа она што мене ми беше многу битно, јас и во разговор со извршниот директор тоа го дознав отворено е дека имаме отворена поддршка на ФИОМ и дури ми вети дека и регионалните центри се ставаат на располагање за целиот овој процес. Значи ФИОМ е тука во процесот не е излезен надвор или исклучен. Има безброј други активности, не дека смета дека ова е помалку важно, меѓутоа ако нешто ви значи, бидејќи јас сум член на координативното тело. Претставник на ФИОМ е и вклучен во Иницијативата, дали тоа директно преку мене или индиректно е техничка работа. Благодарам!

**Боро Китаноски:** Добро, повелете таму госпоѓата се јави.

Добро, имаме многу малку време ве молам кратко, повелете ајде.

**Шенази Салихи:** Значи уште еднаш Ве поздравувам, Шенази Салихи, претставник од Граѓанското движење коешто функционира во рамките на Организацијата за воени ветерани на ОНА. Правниот аспект на нацрт Статутот горе долу беше дискутиран, имав едно прашање, нешто како техничко прашање. РЕКОМ е Комисија којашто има време значи од 91ва до 2001ва функционира и го анализира тој аспект и сака да најде решенија. Беше наведено дека има и свој мандат, три годишен мандат, потоа завршува, имам едно прашање. Што потоа, што по тие три години или што по РЕКОМ, дали имате некоја идеја? До некаде да се вклучат во нацрт проектот, нацрт Статутот или во Статутот механизми преку кои РЕКОМ како една Комисија да прави некој вид на превенција, да не дозволиме да ни се случат настани од 2001ва. Значи некои превентивни механизми со коишто РЕКОМ ќе се занимава за да превентира, оневозможиме ситуација од 2001ва. Ви благодарам!

**Горан Талески:** Овој процес, значи самиот РЕКОМ е еден чекор понапред и тоа голем чекор кон процесот на помирување. Клучното за нас е да не се повтори, значи едната работа е да не се повтори повторно ова што се случуваше во екс ју земјите. Значи и во Словенија имаше проблеми и

кај нас и во сите земји. Клучното РЕКОМ е да ги испита овие работи да не остани работи коишто потоа ќе бидат иницијална каписла за започнување на нови вооружени конфликти. Значи, еве да речиме се шпекулира многу со бројката на убијани во Јасеновац. Знаете тоа е концентрационен логор што бил, мислам, Срби, Роми, Евреи се убивани таму, овие бројки се користени од разни страни за поттикнување на омраза. Значи една од целите овде е да се испитаат фактите. Колку повеќе факти имаме, колку повеќе сведочења, орална историја преку ова, толку е потешко да се манипулира со некакви кавзи факти. Ако успеав да одговорам. Фала.

**Лулзим Хазири:** Само ако можи да појаснам.

Значи добро е прашањето во насока на одржливоста на оваа Иницијатива и зошто се вели со доставување на извештаи до и после месец дена со дебатирање во врска со извештајот и владите земаат мерки кон препораките што се во самиот извештај. Значи, дали тоа ќе биде со формирање на други комисии, државни комисии, тоа е работа на самите парламенти. Ама сепак треба да се мисли не знам дали е местото, и во самиот Статут, за одржливоста на оваа Иницијатива после доставување на извештајот до парламентот. (...) на три точки, баш ги читав, значи дадено е, тоа е **член 46** каде што се укажуваат кои се обврските на парламентот кон доставување на овој извештај пред пратениците.

**Јана Петрушевска:** Дали може, накратко?

**Боро Китаноски:** Да, повелете.

**Јана Петрушевска:** Немаме повеќе време нели?! Значи јас сум Јана Петрушевска, претседател на Здружението на внатрешно раселените лица од Арачиново.

Ја поздравувам во целост работата на регионалната Комисија и Здружението „ЗОРА“ Ви стои, без оглед на тоа кој ќе биде член во претседателство, комисија или како ќе функционира,со целокупната пишана,електорнска, и секаква документација која што ја имаме собрано во изминативе десетина години. Со оглед на тоа да госпоѓа Николовска, Цаца Николовска е поранешен судија во Судот за човекови права во Стразбур и има најмногу забелешки, бидејќи повеќето од нас не сме правници, предлагам да изврши целосна контрола или да ја овластиме некако тоа да го направи и да Ви го достави она што таа како правник правно може да го среди да личи на нешто со кое што Македонија ќе се претстави, таму каде што треба да го дадете нели, за понатамошна работа.

Во однос на внатрешно раселените лица сакам да потенцирам дека имаше 76 000 внатрешно раселени и сега после 10 години тоа се сведе на околу 600 Срби, Македонци и Роми кои што не можат да се вратат во своите огништа. Во Преамбулата на Статутот ги пронајдов раселените, стои „насилно иселување на населението како тешки кршења на човековите права и како жртви се лица коишто индивидуално или колективно претрпеле штета, вклучувајќи ментална, физичка, емоционално страдање итн“. Она што најмногу како најголема забелешка го имам е 4от дел, целите и задачите на Комисијата, **член 12**, каде што стои дека фактите ќе бидат земени во обзир од 1ви јануари 1991ва до 31ви декември 2001ва година. Датата не знам кој ја одредил и зошто е

тоа така, но би сакала да потенцирам дека во Арачиново во 2001ва е убиен еден повратник, во 2007 исто така, запалени се 24 куќи на Македонци во Арачиново, ограбени се 50тина куќи, продадени се за многу ниски цени 80% од куќите. Тоа значи, во декември 2001ва година за вантрешно раселените лица односно за регионалните конфликти во регионите каде што беше, зборам за Арачиново, Матејче, Липково итн кризата во декември 2001ва година не е завршена. Ви благодарам!

**Боро Китаноски:** Благодарам многу, овој член е исто така е дел и на други дебати во однос на Косово 2004та, така да мислам редна е забелешката во секој случај.

Доколку нема други пријавени, а се надевам дека нема затоа што сме на крај со времето. Јас Ви благодарам на сите, само една молба која што ми стигна од камерманот, говорниците после паузата кои говореа, само морам да се консултирам со него, тој сакаше да се претстават уште еднаш. Дали во микрофон? Во микрофон, дали може да Ве замолам да потрошиме уште две три минути на тоа, заради документацијата. Говорниците кратко, име презиме и организација. Имате ли трпение за тоа да го направиме сега?! После пауза тие кои што говореа, така?!

Страшо Глигоров, „Достоинство“;

**Боро Китаноски:** Сите што говореа денеска.

Никола Грков, претседател на Здружение на армиски ветерани, Кавадарци;

Илија Николовски, претседател на Здружението на ветерани од одбраната и безбедноста на Република Македонија;

Миле Алексоски, од Центарот за истражување и креирање политики;

Предраг Петрушевски Бинго, портпарол на Сојузот на здружение на борци од 2001ва на Македонија;

Горан Димоски, претседател на Здружението на припадниците на безбедносни сили „Бедем“;

Раим Лимани, Здружение на воени ветерани од ОНА;

Лирим Шабани, ја претставувам Организацијата на воени ветерани од ОНА;

Шенази Салихи, претставник на граѓанското здружение „ЕЦ“;

Вулнет Зенки, „Мултикултура“, Тетово.

**Боро Китаноски:** Ручекот ќе биде послужен во ресторанот кој што се наоѓа на шести кат во хотелот.